ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК — СКОПЈЕ
L'INSTITUT DE LANGUE MACÉDONIENNE — SKOPJE
ПОСЕБНИ ИЗДАНИЈА, КНИГА 1 * ÉDITIONS SPÉCIALES, LIVRE 1

БОЖО ВИДОЕСКИ

ПРИЛОГ
КОН БИБЛИОГРАФИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

СКОПЈЕ — SKOPJE
1953

Печатница на Филозофскиот факултет — Скопје

ПРЕДГОВОР

Иако македонскиот јазик најдоцна од сите словенски јазици се оформи како литературен јазик, тој уште од зародувањето на словенската филологија им го привлекуваше вниманието на мнозина слависти. И веќе во третата деценија не минатиот век се појави првата работа од областа на нашиот јазик (краткиот опис на разлошкиот говор од Карајика). Повеќе за него почна да се зборува и да се пишува откако беа откриени остатоци од некогашната носовост во нашите јужни говори и кога се постави прашањето за националниот карактер и припадноста на македонските Словени, пак со тоа и прашањето за карактерот на македонскиот јазик, за неговиот однос и врски со соседните словенски јазици — српскиот и бугарскиот. Така за сто и триесетина години (од појавувањето на Вуковиот „Додатак") се создаде прилично голема литература за нашиот јазик пишувана на разни словенски и несловенски јазици.

Колку е нужно да се познава сета таа литература за понатамошното и сестрано проучување на нашиот јазик сметам не треба да се нагласува. Само што тоа понекогаш е доста тешко да се постигне без еден библиографски прирачник, поготово кога голем дел од публикациите, особено од постарите, денеска претставуваат библиографска реткост. Досегашните два библиографски прилога за нашиот јазик — книгописот на Димитар Матов (Книгописъ по етнографията на Македония, печатен во Български прегледъ, г. IV, 1897, кн. V—VI, стр. 179—214) и историско-библиографскиот преглед на Кирил Младенов (Изследвачи и изследвания върху македонскитѣ говори, печ. во Мак. Пр. XI, 1—2, стр. 168—184) денеска оваа потреба не можат да ја задоволат не само затоа што тие опфаќаат еден постар период, туку и поради нивната непотполност.

Имајќи го ова предвид и чувствувајќи ја и самиот потребата од едно вакво помагало, јас и пристапив кон составувањето на овој прилог. Мојата замисла беше да дадам што се може пополн список на печатени работи — студии, расправи, полемики, рецензии, дијалектолошки и други прилози во кои се третираат прашања од областа на нашиот јазик, или само странично го засегнуваат него. Но бидејќи

работата ми беше ограничена само на библиотеките во Скопје (Народната и библиотеките на Семинарот за македонски јазик при Филозофскиот факултет и на Институтот за национална историја на македонскиот народ, кои се уште во почетната фаза на нивното формирање), во кои нема голем дел од славистичките списанија, а и оние што се наоѓаат во нив се во приличен број некомплетни, не може да се мисли за некаква исцрпност на работите. Секако ќе има доста единици пропуштени, а некои и непотполни. Некои единици што сум ги сретнувал цитирани во разни статии или библиографски прилози немав можност да ги проверам, та затоа ги давам така како што се цитирани одбележувајќи и од каде се земени.

Поради сето ова нашиов прилог ќе има недостатоци, можеби и грешки, кои, се надевам, ќе имам можност да ги исправам понатаму.

Во прилогов освен јазичните студии, статии, расправи и др. се внесени и некои поважни материјали со јазичен коментар, јазични белешки, речници и речнички прилози, како и разни записки од постаро време што претставуваат извесна важност за историјата на нашиот јазик. Опфатен е периодот заклучно со 1952 година. Не се внесувани само некои според нас неважни белешки од најново време, на пр. разни ситни белешки во весниците Нова Македонија, Културен живот, Единство.

При составувањето на прилогов освен споменатите два библиографски прилога — на Матов и Младенов, и библиографските прилози во Јужнословенски филолог, Slavia, Rocznik Slawistyczny (XVI), Révue des études slaves го користев и библиографскиот преглед на Марија Маџаркова (М. Маджаркова, Библиографиченъ прегледъ на обнародванитѣ материяли и изследвания по българската диалектология, печ. во Извѣстия на Семинара по славянска филология за 1904—1905 г., София, 1905, стр. 141—172), прегледот на Христо Герчев (Погледъ върху развоя на българската диалектология, печ. исто во Извѣстия кн. III, 1911, стр. 607—675) како и показалецот на Стојко Стојков (С. Стойковъ, Показалецъ на обнародванитѣ материали по българска диалектология, печ. во Сборникъ на Българската академия на наукитѣ, т. XXI, София, 1937).

Библиографските единици се опишувани главно спрема упатствата на Лексикографскиот завод во Загреб (Priručnik Leksikografskog zavoda FNRJ, Загреб, 1952, на латиница). Титлите пред имињата (на пр. д-р, проф. и сл.) се испуштани. Ако има единицата резиме на некој странски јазик, тоа го означуваме зад насловот со *содержание. résumé, Zusammenfassung* и сл. зависно на кој јазик е пишувано тоа. Ако е резимето на два јазика, тогаш има и две ознаки. Ако

е авторовото име дадено со иницијали, до колку можевме да ги разрешиме, во заграда го даваме полното име и презиме. Покрај описот на единицата даваме и кратка содржина, освен за оние случаи што немавме можност да ги провериме, или некои помали единици на кои содржината може да се види јасно од насловот.

Единиците се дадени по азбучен ред на авторите и тоа спрема редот на кирилската азбука, а единиците од еден автор се редени хронолошки. Анонимните статии се дадени одделно на крајот под насловот *Анонимни*. Во додатокот се внесени оние единици што се прибрани отпосле кога прилогов беше приготвен за печат и единиците нумерирани. И овде редот е ист како во првиот дел.

Користам прилика најтопло да им се заблагодарам на професорите Блаже Конески и д-р Харалампие Поленаковиќ за укажаната помош како при прибирањето и средувањето на материјалот така и при неговата последна редакција. Посебно му должам благодарност на Институтот за македонски јазик кој го овозможи печатењето на овој прилог. Исто така ќе им бидам благодарен и на оние што ќе направат исправки и дополненија.

Б. В.

СКРАТЕНИЦИ

Archiv f. sl. Phil.	Archiv für slavische Philologie. Berlin.
Balkan-Archiv	Balkan-Archiv. Fortsetzung des Jahresberichtes des Instituts für rumänische Sprache. Leipzig.
Bulletin S L	Bulletin de la Société de Linguistique de Paris. Paris.
БългКн	Братство, Београд. Изд. „Друштво Св. Саве".
БългМ	Български книжици. Повремено списание на българскѫ-тѫ книжнинѫ. Цариградъ — Галата.
БългПр	Българска мисль. Издание на Върховния читалищенъ съюзъ въ България. София.
БПрРом	Български прѣгледъ. Списание за наука, литература и общественъ животъ. София.
БългР	Български прегледъ. Списание за славянска филология. Урежда д-ръ Стефанъ Романски. София.
БългСб	Българска речь. София.
БългСт	Българска сбирка. Списание за книжнина, исторически и обществени знания. София.
БѣлПр	Български старини. Изд. Българската академия на наукитѣ. София.
	Бѣломорски прегледъ.
	Вардар. Независни привредно-културни дневник. Скопље.
Вестник АН СССР	Вестник Академии наук СССР. Москва.
WSlJahr	Wiener slavistisches Jahrbuch. Wien.
ВѣстСл	Вѣстникъ славянства. Сборникъ издаваемый проф. Владимиромъ Качановскимъ. Казань (I—V), Кіевъ (VI и натаму).
ВѣстЕ	Вѣстникъ Европы. Журналъ исторіи, политики, литературы. Санктпетербургъ. 1880.
ГлЈ	Глас Југа. Скопље.
Глас СКА	Глас Српске краљевске академије. Београд.
Гласник СНД	Гласник Скопског научног друштва, Одељење друштвених наука. Скопље.
ГЗбСФФ	Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје. Историско-филолошки оддел. Скопје.
ГЗбЗШФ(Ш)	Годишен зборник на Земјоделско-шумарскиот факултет на Универзитетот — Скопје. Шумарство. Скопје.
Годишникъ СУ	Годишникъ на Софийския университетъ. Историко-филологически факултетъ. София.
Годишница ЗСВС	Годишница Задужбине Саре и Васе Стојановића. Београд.
Годишњак СКА	Годишњак Српске краљевске академије. Београд.

Годишњак СФФ	Годишњак Скопског филозофског факултета. — Скопље.
Годишњица НЧ	Годишњица Николе Чупића. Београд. Издање Чупићеве задужбине.
Građa	Građa za povijest književnosti hrvatske. Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti. Zagreb.
	Дело. Лист за науку, књижевност и друштвени живот. Београд.
	Доброволецъ. София.
	Единство. Седмичник на Народниот фронт, Скопје.
	Живот и рад. Београд.
ЖМНПр	Журналъ Министерства народнаго просвѣщенія. Санктпетербургъ.
	Zbornik u slavu Vatroslava Jagića. Berlin, 1908.
Зборник ЈС	Зборник за историју Јужне Србије и суседних области. Изд. Скопско научно друштво. Скопље. Зборник у част проф. Белића. Београд.
Zeit. f. Ortsnam.	Zeitschrift für Ortsnamenforschung. München und Berlin.
ZeitSlPhil	Zeitschrift für slavische Philologie. Leipzig.
	Златорогъ. София.
	Иднина. Списание за литература и култура. Скопје. Изд. ЦК на Народната младина на Македонија.
Извѣстія ОРЯ	Извѣстія Отдѣленія русскаго языка и словесности Императорской академіи наукъ. Санкпетербургъ.
Извѣстия НЕМ	Извѣстия на Народния етнографически музей въ София.
Извѣстия ССФ	Извѣстия на Семинара по славянска филология. София.
Извѣстія СпБО	Извѣстія С.-Петербургскаго славянскаго благотворительнаго общества. С.-Петербургъ.
	Ilustrirani vjesnik. Zagreb.
ИстЧас	Историски часопис. Орган Историског института Српске академије наука. Београд.
ИстГл	Историски гласник. Орган Историског друштва Србије. Изд. Научна књига. Београд.
JIRS	Jahresbericht des Institut für rumänischen Sprache zu Leipzig.
JGO	Jahrbücher für Geschichte Osteuropas. Breslau.
	Jugoslavija. Beograd.
	Југославија. Београд.
	Јужни преглед. Часопис за науку и књижевност. Скопље.
	Јужнословенски гласник.
ЈФ	Јужнословенски филолог. Повремени спис за словенску филологију и лингвистику. Београд.
	Югозападна България.
Книжици	Книжици за прочитъ. Съ беллетристическо, техническо, научно и забавително съдържание. Солунъ.
	Književnik. Časopis za jezik i poviest hrvatsku i srbsku, i prirodne znanosti. Zagreb.

KnjN	Književne novine. Organ Saveza književnika Jugoslavije. Beograd.
КултЖ	Културен живот. Лист за култура и уметност. Скопје.
	Language. Baltimore.
Летопис	Летопис Матице српске. Нови Сад.
LisF	Listy filologické. Praha.
	Лоза. Месечно списание. Издава Младата македонска книжовна дружина. Одговоренъ редакторъ Ив. К. Божиновъ. София.
Lud Sł	Lud Słowiański, pismo poświęcone Dialektologji i etnografji Słowian. Kraków.
	Луч. Месечни часопис за културна, економска и социјална питања. Скопље.
	Македонка. Орган на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија. Скопје.
	Македонски јазик. Билтен на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје.
МакМ	Македонска мисъл. Месечно списание. Орган на Македонския научен институт. София.
МакПр	Македонски прегледъ. Revue macédonienne. Списание за наука, литература и общественъ животъ. Изд. Македонскиятъ научен институтъ. София.
МедПр	Медицински преглед. Скопје.
	Миналo. Българо-македонско научно списание. — София.
	Младост. Часопис за књижевност и културу. Београд.
III МКСл	III Међународни конгрес слависта. Београд.
	Le Monde slave. Revue mensuelle. Paris.
La Nature	La Nature, revue des sciences et de leurs applications aux arts et à l'industrie. Paris.
НарЕнц	Ст. Станојевић, Народна енциклопедија српско-хрватска-словеначка. Београд.
НО	Народна одбрана. Београд.
NS	Narodna starina. Uredio Josip Matasović. Zagreb.
	Нов Ден. Списание за уметност, наука и општествени прашања. Орган на Друштвото на писателите на Македонија. Скопје.
NE	Nova Evropa. Zagreb.
	Нова Македонија. Орган на Народниот фронт на Македонија. Скопје.
	Новини. Вѣстникъ политически, научно-литературенъ и духовенъ. Притежатель — отговорник Д. Пандуровъ. Цариградъ.
NphMit	Neuphilologische Mitteilungen. Helsinki.
	Obzornik. Mesečnik za ljudsko prosveto. Ljubljana. Izd. Ljudska prosveta.
	Охридъ. Издание на Охридската общогражданска фондация „св. Климентъ охридски". София.
	La Patrie serbre. Revue mensuelle pour la Jeunesse serbe en exil. Paris.
ПерСп	Периодическо списание на Българското книжовно дружество. Браила.

ПерСп(Соф)	Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Срѣдецъ — София.
Pitanja SKJ	Pitanja savremenog književnog jezika. Organ Instituta za savremeni jezik pri Višoj pedagoškoj školi u Sarajevu.
	Политика. Београд.
PraceFil	Prace Filologiczne. Warszawa.
	Преглед. Списание за економски, правни и други прашања. Орган на Друштвото на економистите и Друштвото на правниците на Македонија. Скопје.
Прилози	Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор. Београд.
	Просветно дело. Орган на Министерството за просвета на НРМ. Скопје. I—VII (1945—1951). Орган на Педагошкото друштво на НРМ. VIII, 1952.
	Просвѣта. София.
Rad	Rad Jugoslavenske akademije znanosti i umjetnosti. Zagreb.
RESI	Revue des études slaves. Изд. Institut d'études slaves. Paris.
Revue IEB	Revue internationale des études balkaniques. Beograd.
	La Revue de l'Orient.
RSI	Rocznik Slawistyczny. Revue slavistique. Kraków.
	Родина. Списание за Българска историческа култура София.
РодР	Родна речь. София.
РФВ	Русскій филологическій вѣстникъ. Варшава.
СбБАН	Сборникъ на Българската академия на наукитѣ. Кл. ист. филолог. София.
СбНУ	Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина. Органъ на всестранното изучване на етнографска България. Издава Министерството за народно просвѣщение. — Кн. XIX изд. Българското книжевно дружество. София.
СбБКД	Сборникъ на Българското книжовно дружество. София.
	Simbolae grammaticae. II.
СкГл	Скопски гласник. Службени лист Градске општине у Скопљу. Скопље.
Slavia	Slavia, časopis pro slovanskou filologii. Praha.
СДЗб	Српски дијалектолошки зборник. Расправа и грађа. Српска академија наука. Београд.
СКњГл	Српски књижевни гласник. Београд.
СлавКал	Славянски календаръ. Издава Славянското благотворително дружество въ България. София.
СлавГл	Славянски гласъ. Органъ на Славянското благотворително дружество. София.
SlavRev	Slavistična revija. Ljubljana.
SprawozdaniaPAU	Sprawozdania z czynności a posiedzeń Polskiej Akademji umiejętności. Kraków.
SlavReview	The Slavonic and East European Review.

	Современост. Списание за литература, уметност и општествени прашања. Скопје.
СоцЗ	Социјалистичка зора. Орган на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија — Скопје.
СпБАН	Списание на Българската академия на наукитѣ. Клонъ историко-филологиченъ и филозофско-общественъ. София.
Споменик	Споменик Српске краљевске академије. Београд.
Споменица ЈС	Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије. Скопље.
СпСвБ	Споменица православног храма св. Богородице у Скопљу 1835—1935. Скопље, 1935.
СЕЗб	Српски етнографски зборник. Београд.
	Трудъ. Търново.
УчПр	Училищенъ прѣгледъ. Месечно списание. София.
ХрД	Хришћанско дело. Часопис за хришћанску културу и црквени живот. Скопље.
ЦарВ	Цариградски вѣстникъ. Цариградъ.
ЦѣлБъл	Цѣлокупна България. Скопйе.
ČMusČ	Časopis královstvi českeho Museum. Praha.
ČMF	Časopis pro moderni filologii a literatury. Praha.
Шар	Шар. Орган на Окол. и Град. одбор на Нар. фронт. Тетово.
ШумПр	Шумарски преглед. Орган на Шумарското друштво во Народна Република Македонија. Скопје.

1. Алексиевъ, Арсенъ. Етнографски бѣлежки за полянитѣ, мияцитѣ и бърсяцитѣ. СбНУ, кн. XXX, 1914, стр. 1—43.

Дава белешки за Дебар и дебарските села: Могорче, Осој, Мелничани, Гари, Лазарополе, Тресонче, Селце, Росоки, Сушица, Галичник, и мијачките села во Кичевско: Добреноец, Кленоец и Иванчица.

2. Алексиевъ, Никола. Разлошкиятъ говоръ. [Résumé]. МакПр, VI, 1931, кн. 3, стр. 91—124+173.

Во уводниот дел авторот дава историско-етнографски белешки за Разлог и околијата. Во вториот дел го определува местото на разлошкиот говор и ги разгледува неговите особености и тоа главно спрема говорот на селото Белица. Повеќе се задржува на фонетиката, а од формите дава само некои покарактеристични особености кај заменките и глаголите. На крајот има речнички прилог и неколку народни песни од Белица.

3. Андоновски, Андон. Зборови од Дебарско. Македонски јазик, I, 1950, бр. 9—10, стр. 240—242.

4. Андоновски, Андон. Зборови од Дебарско. Македонски јазик, II, 1951, бр. 3—4, стр. 93—95.

5. Андоновски, Андон. Зборови од Дебарско. Македонски јазик, III, 1952, бр. 5, стр. 119—120.

6. Апостоловъ, Д. П. Приносъ къмъ българската терминология на флората въ Македония. ПерСп, LXII, 5, 1901, стр. 343—361.

7. Аргировъ, С. Къмъ българскитѣ тайни езици. СбБКД, кн. I, 1901, с. 3.

Белешки за тајниот говор на преселениците од Костурско во Брацигово.

8. Арнаудовъ, М[ихаил]. Български елементи северозападно отъ Шаръ. Македония, I, 5, 1922, стр. 37—39.

9. Арнаудовъ, Мих. Въ Македония. Една научна обиколка изъ Горни и Долни Пологъ. РодР, XV, 1941—1942, стр. 9—18.

Неколку општи белешки за тетовскиот говор и прилози од Г. и Д. Полог.

10. Арнаудовъ, М. Названия на българската народна носия. РодР, XVIII, 1944, стр. 149—153.

Називи на македонската носија во некои полошки села.

11. Арнаудовъ, Никола. По-рѣдки думи отъ Неврокопския говоръ. МакПр, X, 1936, кн. 1—2, стр. 158—172.

Речнички прилог од неврокопското село Либјахово.

12. Арнаудовъ, Н. Таенъ терзийски езикъ. СбНУ, XXII—XXIII, 1906, стр. 1—6.

Тајниот терзиски говор од Лазорополе.

13. Arnim, B. von. Macedonisch-bulgarische Studien. 1. [Hauptphasen und -aspekte des Ausfalls der reduzierten Vokale in den Verbalpräfixen sъ-, vъ- (*sъn-, vъn-) und vъz- im Alt-, Mittel- und Neubulgarischen]. ZeitSlPhil., X, 1933, стр. 21—40; 2. ib. XI, 77—87; 3. ib. XII, 1—16.

14. Баласчевъ, Г[еорги]. Градъ Охридъ и котловината му въ думи и образи. (Съ цвѣтна карта на югозападна Македония). София, 1915.

На стр. 41—48 дава белешки за охридскиот говор.

15. Ban, Matija. Les anciennes églises nationales dans la péninsule des Balkans. La Revue de l'Orient, 1887, № 31.

Авторот зборува за главните особености на нашиот јазик. Приведува зборови и изрази кои ги споредува со српскиот и бугарскиот јазик.

16. Белић, А(лександар). Дијалекти Источне и Јужне Србије. СКњГл, IX, 2, 1093, стр. 272—285; X, 2, с. 130—140; X, 6, с. 455—461.

Во оваа статија, кај што се зборува за историското настанување на тимочко-призренската група говори, авт. често зборува и за македонските народни говори. Кон јужноморавскиот дијалект тој ги приклучува и нашите северни говори (кумановскиот, кратовскиот и кривопаланечкиот).

17. Белић, А. Дијалекти Источне и Јужне Србије. СДЗб, I, Београд, 1905. Стр. CXII + 715 + 2 карти.

Во уводниот дел дава неколку општи забелешки за македонските говори, особено за северните кои ги приклучува кон јужноморавските српски говори.

18. Беличъ, А. Діалектологическая карта сербскаго языка. Санктпетербургъ, 1905. Стр. 59. Отпечатокъ од „Сборникъ по славяновѣдѣнію" II.

Северните македонски говори (говорот на СЦГ, Куманово, Кратово и Крива Паланка) Б. ги зема во состав на тимочко-призренската група говори (с. 18—19). Средномакедонските говори според него претставуваат мешаница на црти од српскиот јазик со јужномакедонскиот (с. 23). Понатаму зборува за меѓусебното влијание на српските и македонските говори.

19. Беличъ, А. Сербы и Болгары въ Балканскомъ союзѣ. С.—Петербургъ, 1913. 8°, с. 83.

Во статијата „О языкѣ Македонiи" (с. 56—63) дава општа карактеристика на централните и западните македонски говори.

20. Белић, А. Срби и Бугари у Балканском савезу. Београд, 1913. 8°, стр. 188.

Ова е проширено руското издание на неговата книга. Во статијата *„О македонском језику"* (стр. 61—72) дава општа карактеристика на македонскиот јазик и го одредува неговото место во групата на јужнословенските јазици.

Во најраниот период на доселувањето на Словените на Балкан македонските говори, според Б., претставувале со бугарските еден дијалект. Подоцна во време на српската колонизација, која траела доста долго, западните и централните мак. говори претрпеле знатно јазично влијание од српскиот јазик. Така на македонската јазична територија се формирале два дијалекта: еден во централна и западна Македонија, кој го наречува авторот „српско-македонски" смешан говор од македонски и српски црти, и другиот во источна и југоисточна Македонија — „македонско-бугарски дијалект" кој е поблизок до бугарскиот јазик (стр. 39—40).

Вд. Младенов, бр. 492.

21. Беличъ, А. И. О „македонизмахъ" Типика письменнаго и переплетнаго искусства по югославянской рукописи половины XVII вѣка. (Посвѣщено П. К. Симони). Извѣстія ОРЯ, VIII, 2, 1903, с. 414—416. (Цит. по ЗбБ XIII).

22. [Беличъ, А.]. Докладъ проф. А. И. Белича. Взаимныя отношенія балканскихъ союзниковъ. Петроградъ, 1915. Сербо-болгарскій споръ за обладеніе Македоніей, стр. 5—36, 138—145, 146—161. (Цит. по ЗбБ XVI).

(Овде има и статии од Лавров, Шишманов, Долопка и др. во кои се зборува за македонскиот јазик. На стр. 112—118 е поместена статијата: „Што мислат за својот јазик и својата земја Македонците што живеат во Петроград").

23. Belić, A. La carte linguistique de la Péninsule des Balkans. La Nature, № 2325, с. 246—250 (20. IV. 1918). [Цит. по Јф III, 233].

(Со две карти: 1. Langues des pays Balkaniques, и 2. Спорна област између Срба и Бугара).

Напишана е по повод една статија („Les frontières linguistiques en Europe") од некој P. M. печатена во La Nature бр. 2312, 19-I-1918, во која се зборува за спорната јазична област меѓу Србите и Бугарите.

24. Belitsch, A. L'avenir des langues dans la Péninsule Balkanique. La Patrie serbe, II, 1918, с. 11—12, 534—539. И одделен отпечаток, Paris, 1919, стр. 8.

Изнесени се и продискутирани погледите на A. Meje за македонскиот јазик изложени во неговата книга „Les langues dans l'Europe nouvelle" Paris 1919.

Вд. Meillet, бр. 382.

25. Belić, A. La Macédoine, études ethnographiques et politiques, avec cartes. Paris — Barcelone, 1919. 8°, стр. 278.

Книгата има четири дела. Во првите три авт. зборува за етничките прилики во Македонија, а во четвртиот дел (Sur la Langue, стр. 229—275) зборува за јазикот. Во првата глава: Carte linquistique de la Péninsule Balkanique: 1. Les langues slaves et non slaves de la Péninsule Balkanique, 2. Les dialectes serbes de la Serbie orientale, de la vieille —

Serbie et d'une partie de la Bulgarie, 3. Le caractère des dialectes macédoniens — дава јазична карта на Балк. Полуостров со коментар. Во II го изложува мислењето на Меје за мак. јаз. (M. S. Meillet et les dialectes macédoniens). Во III-та: Principales caractéristiques des dialectes macédoniens — се дадени основните црти на нашиот јазик. Авторот особено се задржува на западното наречје во основата на кое, според Б., се наоѓаат архаични говори коишто по своите црти спаѓаат во групата на оние јужнословенски говори од кои се развиле српскохрватскиот и словенечкиот јазик.

Рец. и критика: 1. Ивковиќ, бр. 180; 2. Романски, бр. 635.
Вд. Meillet, бр. 382.

26. Белиќ, А. André Mazon, professeur à la Faculté des Lettres de l'Université de Strasburg, Contes slaves de la Macédoine sudoccidentale. Étude linguistique, textes et traduction, notes de folklore. Paris, 1923, 236. ЈФ, IV, 1924, с. 228—234.

Рецензија. — Вд. Mazon, бр. 339.

27. Белиќ, А. Ластовечки језик. ЈФ, V, 1925—1926, стр. 194.

Таjниот јазик во речникот на Пулевски.
Вд. бр. 265.

28. Белиќ, А. Српскохрватски језик. НарЕнц, IV, 1929, стр. 392.

Македонските говори авт. ги зема како дел од српската јазична територија. Северните говори до линијата јужно од Тетово—Скопје—Кратово ги приклучува кон групата на тн. „средноштокавски" говори. Говорот во централна и западна Македонија јужно од споменатава линија го наречува „староштокавски" кој го дели на: мијачки (Дебарско и Галичник) и брсјачки (средна Македонија). Понатаму дава карактеристика на овие говори (стр. 396—397).
Вд. Селищев, бр. 684.

29. Белиќ, А. Штокавски дијалекат. НарЕнц, IV, 1929, стр. 1064—1077.

Штокавскиот дијалект го дели на: староштокавски, средноштокавски и новоштокавски. Под „староштокавски" ги зема западните и централните македонски говори на север до линијата која оди јужно од Тетово и Скопје, на исток до вододелницата меѓу Струма и Вардар, на југ до линијата Битола—Охрид—Дебар, каj што се меша со јужномакедонските говори. Овој дијалект, кој го вика уште „прави македонски" го дели според замените на Ж на мијачки (во западна Македонија) и брсјачки. Јужно и источно од овој говор се наоѓа јужномакедонскиот дијалект кој го дели исто така на западен и источен. Понатаму дава општа карактеристика на овие говори. Североисточните мак. говори ги зема во „средноштокавските".

Вд. 1. Селищев, бр. 684; 2. Милетич, бр. 413.

30. Belić, A. Bibljograficzno-krytyczny przegląd powojennych prac o serbochorwackich dialektach. Lud sł, II, 2, A, 1931, str. 245—261.

На стр. 246—252 дава критички преглед на работите од областа на македонската дијалектологија (Очерки, Полог, contes, slaves и др.).

Вд. бр. 339, 669, 675.

Одзив: Леков, бр. 335.

31. Белиќ, А. Галички дијалекат. СДЗб, кн. VII, Београд, 1935. 8°, стр. 349+12 прилози.

Студијата има два дела: увод (3—75) и студија за галичкиот говор (стр. 76—346).

Во уводот авторот ја изложува неговата теза за потеклото и формирањето на македонските говори.

Спрема рефлексот на прасл. групи *tj, *dj македонската јазична територија Б. ја дели на два дијалекта: јужномакедонски, кој се простира јужно од линијата Дебар—Охрид—Ресен—Битола [со шт(шч) и жд (жџ) м. *tj, *dj] и „прави македонски дијалекат" (со ќ-ѓ м. *tj-*dj) кој се простира во централна и западна Македонија на север до линијата која оди јужно од Тетово и Скопје и северно од Штип и Кочани. Македонските говори северно од оваа линија според Б. спаѓаат во тн. средноштокавска зона. Првиот дијалект, јужномакедонскиот, кој го дели на а) шч (жџ) [поархаичен] и б) шт (жд) [поиов] — во основата е старословенски дијалект. „Правиот македонски" дијалект авторот го поврзува со српската јазична територија. Според Б. во основата на овој дијалект лежи српски говор, и тоа говорот на она население што се наоѓало во Јужна Албанија и Епир, а кое после се повлекло на североисток и се настанило во средна и западна Македонија. И бидејќи во него се запазиле најстари српски црти, Б. го наречува „староштокавски", кој го дели спрема рефлексот на Ж на: мијачки или западномакедонски (поархаичен говор со *а* м. Ж) и брсјачки или источномакедонски (со *а* м. Ж).

Понатаму авт. ги дава најосновните црти на „правиот" мак. дијалект: најстари запазени црти, црти примени од старословенскиот дијалект, нови црти што се развиле во самостојниот развиток на овој дијалект и црти примени од другите балкански јазици. Прави споредба со српскиот и бугарскиот јазик, истакнувајќи ги на прво место гласовните особености.

Оваа теорија на Б. во научниот свет предизвика широка дискусија и од повеќето лингвисти не беше примена.

Во вториот дел, во студијата за галичкиот говор, е дадена обработка на тој говор. Освен изворниот материјал за оваа студија авт. го користел и речничкиот материјал од речниците на Пулевски и Ѓиновски. Во прилозите е дадено „наказанието" на Ѓурчина Кокале со јазичен коментар.

Одзиви, рецензии и критики:

Вд. 1. Bajan во RESI XVI 154—155; 2. Милетич бр. 424 и 427; 3. Малецки бр. 357, 4. Мирчев бр. 462 и 467, 5. Ружичиќ бр. 659, 6. Стевановиќ бр. 716, 7. Скок бр. 698; 8. Лазаревиќ бр. 325; 9. Vaillant бр. 55, 10. Киселинов бр. 241; 11. Capidan во Byzantion XIV, 1939, стр. 537—543.

32. Белиќ, А. Једно лингвистичко питање. ЈФ, XIV, 1935, стр. 143—150.

Авторот ја развива својата мисла за потеклото на галичкиот говор искажана порано во „Галички дијалекат". „Во овој дијалект се крие стар штокавски говор или српскохрватски говор кој прекинал врска со другите штокавски говори уште во 7—8 век и кој не се наоѓал во Македонија туку во јужна Албанија и Епир". Тој говор во тоа време имал: ћ-ђ м. тј-дј, шч-жџ м. скј стј-здј згј, љ и ъ, Ж и Ѫ.

33. Белиќ, А. Галички дијалекат и питања у вези са њим. ЈФ, XV, 1936, стр. 192—215.

Дава некои појаснениja во врска со неговата теорија за постанокот на „староштокавскиот" дијалект и одговара на забелешките направени од Ружичиќ во врска со студијата за галичкиот говор.

Вд. Ружичиќ, бр. 659.

34. Бернштейн, С. Македонский язык. Большая советская энциклопедия, т. XXXVII, 1938, стр. 743—744.

Прво зборува за јазикот во античкиот период. Во вториот дел го разгледува јазикот на македонските Словени. Констатира дека македонските говори меѓу себе претставуваат единство и знатно се разликуваат од народните говори на Тракија, Родопи, Мизија и Балкан. Потоа ги дава „општомакедонските јазични особености": ъ > о, ь > е, ѣ > е, ѫ > а о, губењето на падежите, постпозитивен член, -ам во 1 л. сег. време, футур со *ќе*, -ле во партиципот и др. — Во Македонија Б. разликува две групи говори: западни — западно од реката Вардар, и југоисточни. Кон вториве ги приклучува и костурските говори. Најважни особености на западните говори се: троен член, -т во 3 л. ед. сег. време, трисложен акцент, фразеолошки карактер на акцентот, а на југоисточните зам. он (она, оно, они), сос и др. Понатаму зборува за мак. јаз. во периодот меѓу двете војни.

35. Бернштейн, С. Б. Македонский язык. Вестник АН СССР, 1948, бр. 4, стр. 85—86.

Белешка за македонскиот литературен јазик. Дава и содржина на неговата книга за македонскиот јазик.

36. Бешевлиевъ, В. Мѣстнитѣ имена между Струма и Места. БѣлПр, II, 1943, стр. 15—21. Одделен отпечаток. [Цит. по RSI XVI, 2, с. 224].

Список на имињата од словенски произлез.

37. Бојановски, Д(изе). За некои термини од политичката економија. Преглед, кн. I, 1, 1951, стр. 88—92.

Вд. Конески, бр. 282.

38. [Бояджиевъ]. Изъ сборника на Г. П. Бояджиева. (По говора отъ Велешко). ПерСп(Соф), III, 1882, стр. 180—189.

Четири народни песни од Велешко со јазичен коментар и кратки белешки за велешкиот говор.

39. Болиновски, Генади. Зборови од Галичник. Македонски јазик, III, 1952, бр. 6, стр. 147—148.

40. Bouchié de Belle, Edmond. La Macédoine et les Macédoniens. Préface de Jacques Bainville. Ouvrage couronné par l'Academie française. Paris, 1922. 8°, IV, 303.

Покрај другото зборува и за јазикот. Дава општа карактеристика на нашиот јазик и го споредува со српскиот и бугарскиот.
Рец.: Маринов, МакПр, I, 3, стр. 142.

41. Бошковић, Радослав. Извештај о испитивању говора Радовишта и околине. Годишница ЗСВС, књ. VII, 1939, стр. 60.

42. Бошковски, Јован. За некои тенденции во развојот на нашиот јазик. Нов ден, 1946, бр. 3, стр. 61—63.

Авторот ги претпочита пократките глаголски форми, на пр. *оставам, заборавам* и сл. место: *останувам, заборавувам.*

43. Бошковски, Јован. Книгата на К. П. Мисирков „За македонцките работи". Нов ден, 1946, бр. 7—8, стр. 63—66.

Рецензија.
Вд. бр. 472.

44. Бошковски, Јован. Кон пократки форми. Македонски јазик, I, 1950, стр. 46—47.

Ги предлага формите на -ва- место -ува-: заборавам м. заборавувам.

45. Bray, G. A. R[eginald] de. Guide to the Slavonic Languages. London, J. M. Dent & sons L+d., 1951. Стр. XXII +797, 8°.
Section 6. Macedonian, стр. 243—312.

Преглед на граматиката на современиот македонски јазик. Содржи: увод, преглед на гласовите, преглед на дијалектите, морфологија, синтакса и избор на текстови.

Во уводниот дел авторот дава историскн преглед на развитокот на македонскиот јазик. „По иронија на историјата, почнува де Бре], народот чни предедовци им го дадоа на Словените нивниот прв литературен јазик, беше последен на кого му беше признаен неговиот современ јазик како одделен словенски јазик, различен од соседните — српскиот и бугарскиот".

Во одделот за гласовите ја дава азбуката, преглед и поделба на гласовите, нивниот изговор и промените што се вршат. Посебно се задржува на гласовите *ќ ѓ*. На крајот ги дава најбитните црти на литературниот јазик (ѫ > *а*, *ќ ѓ* м. *ѫ ѓ*, акцентот определен на третиот слог, двоен датив и акузатив кај личните заменки, *-ам* во 1 л. презент), заедничките особености на македонскиот и бугарскиот и на макед. и српскиот јазик, и заедничките црти на сите јужнословенски јазиџи.

Во одделот морфологија е даден преглед на формите, и некои појави од синтаксата. На крајот дава избор на текстови.

Рецензија: Петрушевски, бр. 580; Jopson во сп. The Slavonic and East European Review, XXX, № 75, 1952, стр. 590—593.

46. Брдарски, Душко. Зборови од Светониколско, Македонски јазик, II, 1951, стр. 165—167; III, 1952, стр. 67—72.

47. Брдарски, Душко. Забелешки за една народна пословица. Македонски јазик, III, 1952, стр. 111—113.

За пословицата: „У Дупница за пукница".

48. Budimir, M[ilan]. Griechisch und Makedonisch. Revue IEB, I, 1—2, 1934—1935, стр. 281—282.

За меѓувокалното s во македонскиот јазик и грчкото 'αλιξα и ιξέλα.

49. Vaillant, A[ndré]. Les parlers de Nivica et de Turija (Macédoine occidentale). RESI, IV, 1924, стр. 53—55.

Дава општа карактеристика на говорот во селата Нивица (Долна Преспа) и Турија врз основа на неколку писма пишувани од Македонци од овие две села кои се наоѓале како пленици во Франција.

Во прилог дава одломка од едно писмо пишано со грчки букви и со латинска транскрипција.

Рец.: Милетич, бр. 396.

50. Vaillant, André. Slave *Bitolj* „Monastir". RESI, VIII, 1 et 2, 1928, стр. 86—87.

51. Vaillant, A. A. Селищев, Говоры области Скопья, МакПр, VII, 1, с. 38—82. Bulletin SL, 33, 1932, стр. 154—155.

Рецензија.— Вд. Селищев, бр. 678.

52. Vaillant, A. Bulg. *lésen*, s. cr. *las(t)an* „aisé, facile". Revue IEB, III, 1937, стр. 252—254.

Стсл. удобь(нъ) во средниот пер. на нашиот јазик е заменето со *лесен*. Овој збор во македонскиот и бугарскиот јазик, според Вајан, е дојден од српскиот јазик, а во него од германскиот.

53. Vaillant, André. Bobostin *mént*, *méntok*, *méncok* „petit". Revue IEB, III, 1937, стр. 256—257.

Зборот *мепш* (мал) во говорот на Бобошчица е контаминација од *мал* и *менш-* (стар компаратив од *мал*).

54. [Vaillant, André]. L'évangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas—Vardar. Par André Mazon et André Vaillant. Bibliothèque d'études balkaniques. VI. Paris, 1938. 8°, стр. 359.

Студија за долновардарскиот македонски говор. Пишувана е врз еден евангелски текст (изборно евангелие) напишано на македонски јазик (долновардарски говор) со грчко писмо во половината на минатиот век. Ракописот е најден во селото Кулакија кое се наоѓа 6 км оддалечено од устието на Вардар.

Книгата содржи: предговор, увод (1—15), студија за јазикот (16—248), текстот на евангелието (249—338), и регистар (339—356). Предговорот и уводниот дел го пишувал Мазон а јазичната студија Вајан. Текстот го транскрибирале и двајцата.

Во уводниот дел Мазон дава преглед на сите работи нишани на македонски јазик со грчко писмо познати до времето кога е пишувана книгава. Понатаму тој зборува за историјата на Кулакиското евангелие и неговата содржина. Дава податоци за селото Кулакија, неговото население и говор и за транскрипцијата.

Во својата јазична студија на 223 страни Вајан дава исцрпен преглед на фонетската и морфолошката структура на долновардарскиот говор со примери од споменатиов текст. При излагањето на материјалот В. засегнува и неколку важни проблеми во врска со нашиот јазик, како на пример: за карактерот на македонските народни говорн и нивниот однос спрема српскиот и бугарскиот јазик, за рефлексите на прасловенските групи тј-дј, за судбината на ѣ во нашите говори, за редукцијата и појавите во врска со неа (загубата на интервокалното *в* и фиксирањето на акцентот на определен слог). Во Македонија В. разликува три групи говори: 1) северни, кои се наоѓаат во контакт со српските косовско-призренски говори, 2) централни, 3) јужни, во кои влегуваат говорот на Бобошчица, костурско-леринските говори, говорот на Сухо и долновардарскиот. Во последниов има елементи и од централните говори. Според В. редукцијата на вокалите ја познавал порано и македонскиот јазик. Текстот на евангелието е предаден со латиска транскрипција.

Рец.: 1. Мирчев, бр. 456; 2. B. RESI XVIII 88—89, 151; 3. РодР XI 225—226; 4. Małecki во RSI XIV 126—129; Василев, бр. 60.

Вд. Mazon, бр. 343.

55. Vaillant, André. Le problème du slave macédonien. Bulletin SL, XXXIX, 1938, стр. 195—210.

Во оваа статија Вајан ги изложува резултатите од неговите поранешни проучувања на нашите говори. Тој се задржува главно на проблемот за односот на македонскиот јазик кон соседните словенски јазици — српскиот и бугарскиот и неговите врски со нив. Критикувајќи ја тезата на Белића, според која северните и средните мак. говори, од него наречени „српскомакедонски", се различни од јужните, В. истакнува дека македонската територија претставува една јазична целост, различна од српскиот јазик, а која со повеќе црти се доближува до бугарската говорна област. Оние црти што им се заеднички на мак. и срп. јазик (на пр. *ќ ѓ* м. *тј дј*, преодот на *чр* во *цр*, *е* од ѣ, јасниот изговор на неакцентираните вокали, пренесениот акцент и др.) во макед. народни говори се развиле под српско јазично влијание кое било најсилно по долината на Вардар, додека на запад сретнало сопротива на Охридската архиепископија, а на југоисток од планинскиот карактер на месноста. Ова влијание, вели В., не е ни многу старо ни ново, траело од 14—17 век. Потоа зборува за условите што допринесле за силното српско културно, политичко и јазично влијание во Македонија. Под надворешно влијание се извршиле промени во фонетиката, додека морфолошката страна на јазикот останала главно незасегната. Понатаму В. зборува за разликите и сличностите меѓу српскиот и македонскиот јазик и македонскиот и бугарскиот.

Рец.: Мирчев, бр. 461.

Вд. Белић, бр. 31.

56. Вакарелски, Х(ристо). Селищев: Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северозападной Македонии. С этнографической картой Полога, София, 1929. УчПр, XXIX, 1930, стр. 574—581.

Рецензија.— Вд. Селищев, бр. 675.

57. Вакарелски, Х. André Mazon, Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud, Paris, 1936. 8°. VII+462. УчПр, XXXVI, 1937, бр. 4, стр. 508—514.

Рецензија.— Вд. Mazon, бр. 342.

58. Вакарелски, Х. За българската речъ въ Македония. ЦѣлБъл, I, 1941, бр. 111, стр. 6.

59. Василева, Елена. Изрази за притежание въ западнитѣ български говори. Известия ССФ, кн. VII, 1931, стр. 458—475.

Посвојноста во македонскиот јазик се искажува освен со посвојните придавки и заменки и со кратката дативна форма од личните заменки за 3 л. еднина и множина (татко му, татко и, татко им) и со предлозите *на* и *од*+општата форма на именките.

60. Василевъ, Ст. П. André Mazon, André Vaillant: L'évangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas—Vardar. Paris, 1938. Родина I, 2, 1938, стр. 225—226.

Рецензија.— Вд. Mazon, бр. 343; Vaillant, бр. 54.

61. Василевъ, Ст. П. Славянски документи, прикаски и пѣсни отъ южна Албания. РодР, X, 1936, кн. 2, стр. 88—89.

По повод книгата на Мазон Documents, contes et chansons . . ., Вд. Mazon, бр. 343.

62. Vasmer, Max. Die Slaven in Griechenland. S. A. aus den Abhandlungen der Preussischen Akademie der Wissenschaften, Jahrgang 1941, Phil.-hist. Klasse. № 12. VIII + 350 + 1 карта.

Дава преглед на словенските месни имиња во Грција со јазична анализа на материјалот. Во IV глава зборува за гласовните и морфолошките промени што ги претрпеле словенските имиња.

Рецензија: Яранов, бр. 884; Куев, бр. 316.

63. Vasmer, Max. Zur alten Geographie der slavischen Länder. 2 *Bitolj*. ZeitSlPhil, IV, 1927, с. 93—94.

64. Vasmer, Max. Zu den slavischen Ortsnamen in Griechenland. Symbolae Grammaticae, II, str. 153—157.

65. Weigand, G(ustav). Ethnographie von Makedonien. Geschicht-nationaler, sprachlich-statistischer Teil. Leipzig, 1924. 8°, с. 104.

На стр. 57—97, во одделот за јазикот, авторот дава преглед на најважните особености на македонскиот јазик и една одломка од „Четиријазичникот" на Даниила по изданието од 1802 година. Понатаму зборува за односот на нашиот јазик спрема српскиот и бугарскиот истакнувајќи ги особено оние црти што се заеднички со бугарскиот јазик.

Рецензија: Романски, бр. 636.; Младенов, бр. 503.

66. Weigand, G. Das Sufix *-ul* in den Balkansprachen. Balkan-Arhiv, II, 1926, стр. 147—166.

Приведува доста примери и од нашите говори.

67. Weigand, G. Neuere Bücher zur Kenntnis der makedo-bulgarischen Mundarten und einige Beiträge. Balkan-Arhiv, IV, 1928, стр. 95—103.

Во првиот дел дава преглед на книгата од Мазон „Contes slaves" укажувајќи на некои сличности меѓу костурските и леринските говори со битолскиот. Во вториот дел ја предава накратко содржината на необјавената дисертација на Tassilo Schultheiss за говорот на битолското село Српци.

Вд. Mazon, бр. 339; Младенов, бр. 503.

68. Weigand, G. Beitrag zur Kenntnis der bulgarische Dialekte. JIRS, XV, 1909, стр. 155—167.

69. Weigand, Gustav. Die Wiedergabe der slavischen Laute in den Ortsnamen des Peloponnes. Balkan-Arhiv, IV, 1928, стр. 1—52.

Содржина: Einleitung. Quellen. Völkernamen. Lautstand. Suffixe. Schluss-folgerungen. Alphabet. Literatur.

70. Велевъ, С. Д. Едно богатство на българското наречие говоримо въ вилаетитѣ. Новини, III, 1902, бр. 12.

71. Верковићъ, Стефанъ. Народне песме македонски Бугара. Књига прва. Женске песме. У Београду, 1860. 8°, стр. XIX + 373.

Во предговорот (с. XI—XIII) меѓу другото дава и податоци за македонските говори. „Ја мислим — вели В. — да је ово македонско славенско наречие између свију славенски наречија најближе старословенском или црквеном језику, и да се може с великом вероватношћу сматрати, као из толики бурја и несрећа заоставши и сачувани остатак . . . оног језика, на коме су бесмртни учитељи и апостоли славенски, св. Кирил и Методија . . . пре иљаду година славенској просвети и књижевности основ положили." (с. XVIII).

72. Верковичъ, Ст. Описаніе быта болгаръ населяющихъ Македонію. Московскія Университетскія Извѣстія, 1868, 2, стр. 216—259. (Цит. од кај Мазинг, вд. бр. 365).

Статијава прво била напишана на мрвацко наречје, а на руски ја превел под горниов наслов Жинзифов.

Во оваа работа В. прв го опишал западномакедонскиот акцент и тоа во мијачкиот дијалект.

Од руски е преведена на бугарски јазик под наслов:

73. Верковичъ, С. И. Описание битътъ на македонскитѣ българи. Прѣведе отъ руски Георги И. Колушский. Кюстендилъ. (Цит. од БългПр, IV, 5—6, с. 181).

74. Верковичъ, С. И. Топографическо-этнографическій очеркъ Македоніи. С.—Петербургъ, 1889. 8°, стр. 371.

Рецензија: Во ПерСп, XXXI, с. 146—148; РФВ, XXII, 1889, стр. 175.

75. Веселиновић, М. В. Реферат редакционом одбору „Браства" о рукопису г. Симе Н. Томића „Народне песме и приповетке из Горње Реке (Дебра)". Браство, IX—X, 1902, стр. 450—504.

Има и белешки за реканскиот говор.

76. Видоески, Божо. Класификација на глаголите во нашиот литературен јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 1, стр. 15—21.

Спрема завршокот на презентската основа глаголите ги дели на три групи: а-, е-, и- група.

77. Видоески, Божо. Јазикот во локалниот печат. Македонски јазик, I, 1950, бр. 1, стр. 25—32.

Укажува на некои јазични грешки во локалниот печат.

78. Видоески, Божо. За неправилната употреба на прилозите *ширум* и *после* во нашиот јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 7, стр. 150—153.

Ширум и *после* во мак. јазик не можат да бидат употребени во служба на предлози.

79. Видоески, Божо. Образување на вокативната форма кај именките. Македонски јазик, I, 1950, бр. 8, стр. 191—193, и бр. 9—10, стр. 231—235.

80. Видоески, Божо. Поречкиот говор. Издание на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломски работи, книга 1. Скопје, 1950, стр. 84 + 1 карта.

Спрема замената на старото вокално л (ѣ) поречкиот говор го дели на два подговора: на *ол* и *ъл*. Наспоредно го разгледува говорот на селото Крапа, гранично село меѓу поречкиот и прилепскиот говор, и говорот на муслиманите — Македонци од с. Дебреште, во кој се запазиле доста архаични јазични црти. Освен описот на говорот има и речнички прилог на поретки зборови и текстови. На крајот има карта на Порече со означена граница на поречкиот говор.

81. Видоески, Б. Зборови од Порече. Македонски јазик, II, 1951, бр. 1, стр. 23, бр. 2, стр. 45—47.

Прилог кон географската терминологија.

82. Видоески, Б. За сложенките. Македонски јазик, II, 1951, бр. 6, стр. 131—140.

Ги разгледува сложените именки и придавки. Ги дели на прави и неправи сложенки. Правите сложенки ги дели спрема начинот на сврзувањето (сраснати и со составен вокал), спрема составните делови на сложениот збор и спрема значењето на компонентите. Во одделна група ги дава слож. зборови што се образувани спрема турските сложенки.

83. Видоески, Б. Белешки за говорот на селата Мелница и Горно Врановци во Велешко. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 201—209.

Говорот на овие две торбешки села, кои претставуваат оаза во Велешко, во својата основа е дебарски говор. Авторот дава неколку фонетски и морфолошки црти. Стсл. ѫ во акцентиран слог дало *о* а во неакцентиран *а*.

84. Видоески, Божо. Местото на акцентот во кратовскиот говор. Македонски јазик, III, 1952, бр. 2, стр. 58—63; бр. 4, с. 84—86; бр. 5, с. 105—108; бр. 6, с. 134—146.

Спротивно на Цонева, кој го смета кратовскиот акцент како полуопределен, неподвижен — трисложен, авторот на оваа статија крат. акцент го зема како неопределен и ограничено подвижен. Понатаму местото на акцентот го разгледува поодделно во секоја зборовна група.

85. Wijk, Mikołaj van. Taalkundige en historiese gegevens betreffende de andste betrekkingen tussen Serven en Bulgaren. Mededeelingen der Koninklijke Akademie van wetenschoppen, Atdeeling Letterkunde Decl 55, Serie A, № 3, Amsterdam, 1923, стр. 21—22. [Цит. по ЈФ VII, с. 273, бр. 2176].

86. Wijk, Mikołaj van. Zur Grenze zwischen den Ost- und Westbulgarischen. Archiv f. sl. Phil., Bd. 39, 1925, св. 3—4, стр. 212—216.

Зборувајќи за границата меѓу источните и западните бугарски говори авторот ги засега и некои од нашите источни и југоисточни говори.

Рец.: Романски, бр. 637.

87. Wijk, Mikołaj van. O stosunkach pokrewieństwa między językami południowo - słowiańskiemi, Prace Fil., XI, 1927, стр. 94—112.

Во оваа статија, која е само дел од Вејковите лекции држани на Варшавскиот универзитет, се изложени погледите на Вејка по прашањето за односот меѓу јужнословенските јазици. В. констатира дека е тешко да се зборува за точна граница меѓу јужнословенските јазици, зашто преодот од еден јазик кон друг е постепен. Зборувајќи за македонската јазична територија, во чиј северен дел има вкрстување на многу дијалектни црти, В. особено се задржува на прашањето за односот на македонскиот јазик спрема српскиот и бугарскиот. Во постаро време, вели Вејк, македонските говори биле поблиску до бугарскиот јазик, но подоцна од 13 век тие биле подложени на српско јазично влијание; некои јазични црти од срп. јазик (*ѥ ѓ, е* м. *ѣ, у* м. *ѫ*) продреле далеку на југ. Ова влијание допринесло доста за да се измени донекаде структурата на јазикот на македонските Словени.

Рец.: Романски, бр. 641; Младенов, бр. 503.

Вд. ЈФ VII, стр. 272—273.

88. Wijk, M. van. Les langués slaves du Sud. Le mond slave, IV, 1937, стр. 76—101.

[Цит. од книгата на Мирчев, Сръбската наука за езика на македонскитѣ българи, стр. 77—78. Вд. бр. 467].

89. Viret, Persida. Die gegenwärtige Arbeit und der Bildung der makedonischen Schriftsprache. WSIJahr, II, 1952, стр. 245—251.

Приказ на поважните работи од областа на македонскиот јазик издадени по ослободувањето во Македонија.

90. Vlahov, Dimitar. Kroz historiju makedonskog naroda. [Izd.] Slovenski Komitet Hrvatske. Zagreb, 1949. 16°, 185 + 1 karta.

Formiranje makedonske nacije i makedonskog jezika, стр. 107—135.

Краток преглед на развитокот на македонскиот јазик.

91. Vukčević, Mih. Jezik u Kirečkom s udiljnim obzirom na opće maćedonizme. Rad, knj. 145, 1901, стр. 105—137.

Опис на говорот на солунското село Киречкој (Кирeч-кој, познато уште под имињата Пазваново и Ново Село). Студијата содржи: увод, преглед на гласовите, преглед на формите, членот, акцентот, неколку белешки од синтаксата и на крајот има додаток со образци.— Во уводниот дел дава неколку општи податоци за селото и населението. Во одделот за гласовите повеќе се задржува на вокалниот систем. Во овој говор нема остатоци од назализам, како во северните солунски села. Полугласките во најголем број случаи се израмниле во еден темен вокал (ъ), а само во неколку случаи ь > *е*. ѣ > *иа*, и во неколку примери *ea* и *ie*. Акцентот е неопределен.

Рецензија: Jagić, бр. 201.

92. Георгиевъ, М. Арнаутитѣ и мървацитѣ въ с. Брацигово. (Етнографски бѣлѣжки). Отъ—. Извѣстия ССФ, I, 1905, стр. 117—140.

Покрај историско-етнографските податоци, Г. дава и белешки за говорот на брациговските „Арнаути", преселеници од јужна Македонија.

93. Georgevitch, T. R. Macedonia. By —. London, 1918. Стр. 284. — Глава XI: „Macedonian dialects of the serbian language" (с. 188—199).

Истата книга е објавена и на француски јазик под наслов:

Georgevitch, T. R. La Macédoine. Paris, MCMXIX. Стр. 276,8°. XI. Dialectes macédoniens de la langue serbe (стр. 179—189).

Во уводниот дел дава општа карактеристика на македонските народни говори, зборува за нивниот однос кон српскиот и бугарскиот јазик. Заклучува од направената споредба дека се тие поблиски до српскиот јазик, одн. дијалект на срп. јаз. Потоа дава сумарен преглед на фонетските и морфолошките особености и тоа главно на западномакедонското наречје.

94. Георгиевъ, Ив. А. Материали за рѣчникъ по велешкия говоръ. СбНУ, XX, II. материали, 1904, стр. 1—85.

Во уводниот дел на статијата авторот зборува за изговорот на групата *шт* во велешкиот говор. Речничкиот материјал забележен е фонетски и има поставен акцент.

95. Георгиева, Ел. Народенъ календаръ отъ село Смилево (Битолско). Обичаи, обреди и песни. [Résumé]. МакПр, VI, 1931, кн. 4, стр. 70—90 + 156—157.

Освен фолклорните прилози кои се предадени фонетски, дадени се имињата на месеците како што се викаат во народот.

96. Гильфердингъ, А. Путешествіе по Македоніи. ВѣстЕ, 1870, іюнь — іюль.

Има и јазични белешки.

97. Gopčević, Spiridon. Makedonien und Alt-Serbien. Wien, 1889.

Во српски превод:

Гопчевић, Спиридон. Стара Србија и Македонија. Превео с немачког Милан Касумовић. I, II. Београд, 1890. 8°. Стр. XXII + 370 + 1 етнографска карта.

Део II, глава друга: Како говоре Старо Србијанци и Македонци? стр. 249—258.

Зборува за односот на македонските народни говори со српскиот и бугарскиот јазик. Дава паралели од сите три јазици и особено се задржува на оние црти што им се заеднички на српскиот и македонскиот, како на пример согласките ќ-ѓ, рефлексите на полугласките и носовката ж, и некои глаголски форми. Во заклучок вели дека „македонското наречје е српско".

Оваа книга во славистичката наука беше подвргната на остра критика и негативно оценета.

97a. Gopčević, Spiridon. Die Wahrheit über Makedonien. Wien, 1890. 8°, стр. 56.

Во српски превод:

Гопчевић, Спиридон. Истина о Македонији. Написао —. Превео с немачког Милан Касумовић. Београд, 1890.

Оваа книга претставува одговор на статијата „Das Volkstum der Slaven Makedoniens" од Карл Хрон. На стр. 18—29 Гоп. полемизира со Хрон за македонските народни говори и нивниот однос спрема српскиот и бугарскиот јазик, бранејќи ја својата теза искажана во книгата „Стара Србија и Македонија". Од полемиката се дознава дека Хрон македонскиот јазик го сметал за посебен јазик („...Хром завршује своје филолошке смешности тријумфујућим проналаском да Македонци не говоре ни српским ни бугарским него својим властитим језиком", стр. 28).

98. Григоровъ, Марко. Говорътъ на малорѣканцитѣ (мияцитѣ) въ Дебърско. Известия ССФ, II, 1907, стр. 201—304.

Во првиот дел авторот дава неколку општи историски и етнографски белешки за Мијаците во Дебарско и го определува местото на малореканскиот говор во групата на нашите западни говори. Понатаму дава опис на говорот (фонетика и морфологија) и на крајот речнички прилог на поретки зборови.

99. Григоровъ, Марко. Критиченъ прѣгледъ на обнародванитѣ материяли по малорѣканския (миячки) говоръ. Известия ССФ, II, 1907, стр. 445—470.

Овде се посочени главно фонетските грешки направени во дотогаш публикуваните материјали од малореканскиот говор.

100. Григоровичъ, Викторъ. Донесенія В. И. Григоровича. Казань, 1915. (Цит. по Селишчев, Очерки 49).

Дијалектолошки материјал од Македонија.

101. Григоровичъ, Викторъ Ив. Очеркъ ученаго путешествія по европейской Турціи. Оттискъ изъ 3 книжки Ученныхъ записокъ Казанскаго Университета за 1848 г. Казань, 1848, 8°, стр. 165.

Второто издание:

Григоровичъ, Викторъ Ив. Очеркъ путешествія по европейской Турціи (съ картою окрестностей Охридскаго и Преспанскаго озеръ). Издание второе. Москва, 1877, 8°, стр. 181.

Зборувајќи за македонскиот јазик Г. констатира дека во Македонија има многу наречја: воденско, прилепско, велешко, штипско и др. На стр. 162—166 зборува за разликите меѓу бугарските и макед. говори. Исто така дава податоци за поодделни наши говори; на пр. ж > *о* во дебарските говори, во охридскиот говор во 3 л. мн. с. в. има *-еш*, во корчанскиот говор се пази носовост и др.

102. Гжбовъ, Петко К. По говоръть въ селото Велмевци (Кичевско). Трудъ, г. IV, 1892, кн. 1, стр. 85—107 (отд. за нар. умотв.).

Белешки за фонетиката на кичевскиот говор.

103. Гроздевъ, Цвѣтанъ. Говоръть въ Македония. ЦѣлБъл, II, 1942, бр. 353, стр. 4.

104. Державин, Н. С. Наука на службе империализма. Известия Академии наук СССР, VII серия. Отд. общ. наук. Ленинград, 1932, № 2, стр. 125—149. (Цит. по МакПр, VIII, 3, стр. 143).

Критика на студијата од Куљбакин „О речничкој страни старословенског језика".
Рец.: Милетич, бр. 414.
Вд. Куљбакин, бр. 315.

105. Димитровски, Тодор. Жито или житарица. Македонски јазик, I, 1950, бр. 9—10, стр. 237—238.

Правилна е формата *жито*.

106. Димитровски, Тодор. За погрешната употреба на зборот *писател*. Македонски јазик, I, 1950, 9—10, стр. 236.

Го разграничува значењето на зборот *писател* и *пишувач* (автор)

107. Димитровски, Тодор. *Во никој случај* или *ни во кој случај*. Македонски јазик, I, 1950, бр. 6, стр. 136.

Правилен е првиот израз.

108. Димитровски, Тодор. Маргиналии на страниците од „Македонски правопис" на Бл. Конески и К. Тошев. Современост, I, 1951, бр. 2, стр. 96—104.

Вд. Конески, бр. 272.

109. Д(имитровски, Т.). „Македонски правопис" на Бл. Конески и К. Тошев. КултЖ, III, 1951, бр. 9.

Приказ.

110. Димитровски, Тодор. Неправилно образувани финални реченици. КултЖ, III, 1951, бр. 10.

111. Димитровски, Тодор. Правописни и јазични грешки во нашиот печат. КултЖ, III, 1951, бр. 7.

112. Димитровски, Т. За јазикот на „Социјалистичко земјоделство". КултЖ, III, 1951, бр. 12.

113. Димитровски, Тодор. Пак за употребата на релативните заменки. Македонски јазик, II, 1951, бр. 1, стр. 10—17.

Полемизира со Бл. Корубин.
Вд. Корубин, бр. 302.

114. Димитровски, Тодор. Против употребата на зборот *тежнение*. Македонски јазик, II, 1951, бр. 1 стр. 21—22.

Место *тежнение* треба да се употребува *стремеж*.

115. Димитровски, Тодор. Правописни и јазични грешки во еден број на „Нов ден". Македонски јазик, II, 1951, бр. 2, стр. 31—38.

Укажува на јазичните грешки во „Нов ден" бр. 8—10 од 1950 година.

116. Димитровски, Тодор. Приврзеник, приврженик, приврзаник. Македонски јазик, II, 1951, бр. 4, стр. 83—84.

Ги предлага формите *привржаник* и *приврзаник* за литературни.

117. Димитровски, Тодор. Еден туѓ начин на изразување. Македонски јазик, II, 1951, бр. 6, стр. 113—115.

Меѓу глаголските делови во сложените гл. форми не треба да се клаваат вметнати реченици или зборови. Правилно е: Јас сум бил, вели тој, во разни земји, а не: Јас сум, вели тој, бил во разни земји.

118. Димитровски, Тодор. „Загубен новчаник". Македонски јазик, II, 1951, бр. 6, стр. 116.

Предлага *портофел* или *кесе* место *новчаник*.

119. Димитровски, Тодор. Јазикот во нашите учебници. Македонски јазик, II, 1951, бр. 8, стр. 177—185.

Укажува на најчестите јазични грешки во некои наши учебници.

120. Димитровски, Т. Боравам, боравење, боравок. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 229.

Место овие форми ги предлага формите: живеам, претстојам, пребивавам, одн. живеење, живот, престој, пребивање.

121. Димитровски, Т. *Како вие* или *како вас*. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 229—230.

Правилни форми се: како мене (тебе, него, неа, вас, вас, нив).

122. Димитровски, Тодор. Зошто кладилница. Македонски јазик, III, 1952, бр. 1—2, стр. 38—39.

Зборот кладилница (кладам и сл.) во нашиот јазик не се употребува.

123. Димитровски, Тодор. Уште нешто за речениците со *да*. Македонски јазик, III, 1952, бр. 1—2, стр. 40—42; бр. 4, стр. 87—88.

Местото на сврзникот *да* (за да, без да и др.) по однос на глаголот.

124. Димитровски, Тодор. Околу придавките *германски, немски, романски* и *румунски*. Македонски јазик, III, 1952, бр. 3, стр. 63—64.

Се застапува за формите *румунски* и *немски*.
(Зад текстот има белешка од редакцијата на „Мак. ј.").

125. Димитровски, Тодор. Учебниците од Преродбата. Општи белешки. Партенија Зографски. Нова Македонија, г. IX, 1952, бр. 2375 (27. VII).

Препечатено во кн. „Од историјата на македонскиот јазик" с. 39—42.
Вд. бр. 291.

126. Димитровски, Тодор. Учебниците од Преродбата (III). Димитар Македонски, Венијамин Мачуковски и Ѓорѓи Пулевски. Нова Македонија, г. IX, 1952, бр. 2387 (10. VIII), с. 5.

Препечатено во кн. „Од историјата на македонскиот јазик" с. 45—49.
Вд. бр. 291.

127. Димитровски, Тодор. Една книга за македонскиот литературен јазик. (Блаже Конески: За македонскиот литературен јазик, стр. 94, 1952, изд. на „Кочо Рацин"). Современост, II, 1952, бр. 6, стр. 59—63.

Приказ.
Вд. Конески, бр. 287.

128. Димитровски, Тодор. Нешто за формите *учебник, учебен, лечебен* и сл. Македонски јазик, III, 1952, бр. 5, стр. 108—110.

129. Димитровски, Тодор. Неколку чести грешки. Македонски јазик, III, 1952, стр. 166—168.

За неправилната употреба на зборовите *воен* м. ратен, *запоставен* м. затпоставен, *бројни* примери м. *многу*.

130. Димитровски, Тодор. Белешки за зборот *плоштад*. Македонски јазик, III, 1952, бр. 8—9, стр. 180—184.

131. Димитровски, Тодор. Кратки разговори. Македонски јазик, III, 1952, бр. 8—9, стр. 202—204.

132. Димитровски, Тодор. По никој начин или во никој случај. Македонски јазик, III, 1952, бр. 10, стр. 243.

133. Димитровски, Тодор. Што се *заради* и *поради*. Македонски јазик, III, 1952, бр. 10, стр. 243—244.

134. Димитровски, Тодор. Кон поголема јазична култура. Нова Македонија, XI, 1952, бр. 2512, стр. 5.

135. Димитровъ, Лазаръ. Кратки етнографски бѣлѣжки за Дебърско съ огледъ къмъ говора въ тоя край. Извѣстия ССФ, I, 1905, стр. 263—274.

Дебарската говорна област авторот ја дели на две поднаречја: *шч-* и *шт-* поднаречје. Првото (шч) ограничено е на Долна Река и поважни особености негови се: *ќ ѓ* м. *тј дј*, поретко *шч жс; скј стј* > *шч; р л* > *р л;* групата *чр* > *цр*, интервокалното *в* не се губи, е - гр. кај глаголите се пази.

Второто (шт) поднаречје опфаќа поголемо пространство: Дримкол, Голо Брдо, Џупа и Поле. Спрема рефлексот на носовката *ѫ* Д. го дели на а) *шт - коде* (Дримкол, Џупа и дел од Голо Брдо) и б) *шт - кеде* (Поле и дел од Голо Брдо). Во ова поднаречје *тј дј* > *шт жд*, глагол. прилог завршува на - *шти*, место вокалните *р* и *л* има *ор ол, чр* > *цор*, интервокалното *в* се губи, глаголите од *е* - гр. минале во *и* - гр. За полјаните карактеристична е употребата на глаг. форма *ести, естиш*.

136. Dozon, Auguste. Български народни пѣсни. Chansons populaires bulgares. Inédites, publiées et traduites par —. Paris, 1875, 8°, XLVII+427.

Во предговорот дава неколку белешки за нашите говори и ја одредува западната граница на нашата јазична територија.

137. Драгановъ, П. Носовые гласные звуки въ современныхъ македоно-славянскихъ и болгарскихъ говорахъ. РФВ, XIX, 1888, стр. 1—27.

Авторот зборува за назализмот во македонските солунски говори (Зарово, Сухо, Висока, Бањувец, Илинец и Негуван) и во говорите во Костурско, Меглеиско-Воденско и Охрид. Дава список на зборови во кои се чува носов изговор. Врз основа на приложениот материјал заклучува дека во Кирило-Методиовскиот период *ѧ* и *ѫ* имале носов изговор во сета Македонија и дека старословенскиот јазик бил македонски говор.

Рец.: Jagić, бр. 198.

138. Драгановъ, П. Краткій этнографическій очеркъ славянской части Македоніи. Извѣстія СпСБО, 1888, стр. 31—36, 84—98, 162—169, 312—319, 501—510.

Соопштува податоци од старата историја на нашиот народ, зборува за живеачката и за јазикот. Според Д. македонското население не е ни српско ни бугарско, туку е самостојно словенско племе кое има посебен јазик.

Рец. и критика: Шапкарев, бр. 819; Дринов, бр. 146.

139. Драгановъ, П. Македонско-славянскій сборникъ. Съ приложеніемъ словаря. Составилъ —. Выпускъ I. С.—Петербургъ, 1894, 8°, XXXIV+238. (Записки Императорскаго Русскаго Географическаго Общества по отдѣленію этнографіи, т. XXII, вып. I).

Ова е првата книга на зборникот од народни умотворби што ги собрал Драганов со помош на учениците од Солунската гимназија. Печатена е и една песна од Пулевски.

Рец. и критика: Матов, бр. 378; Шапкарев, бр. 821; Флорински во „Новые труды по славяноведенія" за 1894 г.; одзив во РФВ, 1894, бр. 3, стр. 146.

140. Драгановъ, П. Д. О македонизмахъ типика письменаго и переплетнаго искуства по югославянской рукописи половины XVII вѣка. Извѣстія ОРЯ, VIII, 2, 1903, стр. 177—193.

Македонскиот јазик Драганов го зема како посебен јазик во фамилијата на јужнословенските јазици. За поткрепа на ова тој приведува едно писмо од Шафаржика и цитати и искажувања по тоа прашање на македонски културни работници (Жинзифов, Пулевски, Кусевич и др.).

141. Драгановъ, П. Югославянския книги и статьи напечатаные греческими буквами. Извѣстія ОРЯ, X, 1, 1905, стр. 324—334. (По цит.)

142. Дримколовъ, (Христо Матов). Акцентовката на единъ обсегъ западно-български говори. СбНУ, IX, 1893, стр. 391—408.

Зборува за местото на акцентот во западномакедонското наречје. Прво го разгледува акцентот во одделни зборови, потоа зборува за акцентските целости и за акцентот во народната поезија.

143. Дриновъ, Маринъ. Важна особеность въ костурский говоръ. ПерСп, XI—XII, 1876, стр. 163—. (Препечатено во „Съчинения на М. С. Дриновъ", II, 1911, стр. 553—554).

Дава примери со запазен назализам.

144. Drinov, M. Beiträge zur Kunde der neubulgarischen Sprache. I Die Wiedergabe des altslovenischen ѫ und ъ im Neubulgarischen. Archiv f. sl. Phil., V, 1881, str. 370—376.

Оваа статија преведена е на бугарски јазик и препечатена во собраните дела на Дринов:

Дриновъ, М. Изговарянето на старословенското ѫ и ъ въ новобългарския езикъ. Съчинения, II, София, 1911, стр. 298—304.

Зборува за изговорот на овие гласови во македонските и бугарските говори.

145. Дриновъ, М. Нѣсколько словъ объ языкѣ, народныхъ пѣсняхъ и обычаяхъ дебарскихъ славянъ. Извѣстія СпСБО, 1887, № 1, стр. 8—18, № 4, стр. 193—205, № 7—8, стр. 343—352.

Во 1888 год. излезе во одделна книшка со некои поправки. Ова второ издание препечатено е во „Съчинения на М. С. Дриновъ", кн. II, 1911, стр. 366—424. Од Д. Маринов преведена е на бугарски јазик и напечатена во сп „Трудъ", II, 1888, стр. 600—616, 749—757, 852—877. Во скратена форма е препечатена и во зборникот на Офејкоф: Ofeïkoff, La Macédoine au point de vue éthnographique, historique et philologique. Philippopoli, 1888, стр. 311—388. (Вд. бр. 535).

Во уводниот дел дава преглед на објавените материјали од Македонија од Вука Караџиќ до Јастребова. Во одделот „Замѣтки по языку" прави извесни забелешки на книгата на Јастребов (вд. бр. 833) во врска со изговорот на *ѣ-е* во Дебарско, гласот *ј* и др. Понатаму дава општа карактеристика на дебарскиот говор.

Рец.: Маринов во сп. Трудъ II 5, 616—622.

146. Дриновъ, М. Нѣсколько поправокъ къ этнографическому очерку г. Драганова. Извѣстія СпСБО, V, 1888, № 6—7, стр. 310—312. (Препечатено во „Съчинения на М. С. Дриновъ", III, София, 1915, стр. 321—324).

Дава неколку забелешки на статијата на Драганов „Краткій этнографическій очеркъ славянской части Македоніи".

Вд. Драганов, бр. 138.

147. Д(риновъ, М). Нѣколко белѣжки за триезичната солунска книга. Книжици, кн. VIII—X, 1891, стр. 195—201. (Препечатено во „Съчинения", II, 1911, стр. 483—489).

148. Думевъ, В. Воденскиятъ говоръ. [Résumé]. Мак Пр, XIII, 1943, кн. 3, стр. 8—42; кн. 4, стр. 26—88 + 120—130.

Во почетокот авторот дава историски и географски податоци за областа Воден-Меглен, го определува местото на воденскиот говор во групата на долновардарските говори правејќи споредба со кукушкиот и гевгелискиот говор. Во одделот за гласовите тој особено се задржува на редукцијата на неакцентираните вокали (а, е, о) и нивното губење. Потоа дава преглед на формите и зборува за карактерот и местото на акцентот.

149. Djerić, Vasilije. Ethnographie des Slaves de Macédoine. Paris 1918. Стр. 28. Отпечаток од La Patrie serbe I, бр. 5—6 и 7—8.

Ги определува границите на Македонија. Македонските говори ги смета како преодни говори меѓу српскиот и бугарскиот јазик. Говорите во северозападна Македонија се поблиски до српскиот јазик, а говорите во југоисточна Македонија до бугарскиот. Гн критикува Облаковите „Македонски студии". Дадени се и мислењата на некои повидни слависти за македонските говори (на Цонева, Јагиќ, Качубински, Ростоковски, Јастребова, Тихова, Мазинга, де-Куртене, Барбулеска, Лаврова, Облака, Миклошича, Флорински).

Вд. ЈФ, III, стр. 244.

150. Ђерић, Вас(илије). Неколико главних питања из етнографије Старе Србије и Маћедоније. Написао—. Сремски Карловци, 1922. 8°, стр. 108.

Глава пета: Неколико мишљења о дијалектима у Старој Србији и Маћедонији. Оцена тих мишљења и неколико бележака о тим дијалектима (стр. 59—81). — Први додатак: Белешке о расправи В. Облака Macedonische Studien (с. 87—96).

Првата статија претставува одговор на еден напис на Цонев во листот Berliner Tageblatt бр. 202 од 22. IV. 1913 г. во кој тврди дека е македонскиот јазик бугарски. За да ја докаже разликата меѓу мак. и буг. јазик, и сличностите меѓу српскиот и македонскиот, Герик прво ги цитира искажувањата на поедини видни слависти за македонскиот јазик (на пр. Качубински, Јагиќ, Никољски, Тихов, Мазинг, Бодуен де Куртене, Барбулеску, Лавров, Миклошич, Новаковиќ, Облак) и дава критички осврт на нив. Понатаму зборува за односот на нашиот јазик спрема српскиот и бугарскиот и дава општа карактеристика на западните говори.

Во втората статија полемизира со Облака за поедини прашања од цитираната студија.

151. Djerić, V(asilije). André Mazon: Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale. — Étude linguistique; textes et traduction; notes de folklore, par —, professeur à la Faculté des lettres de l'Université de Strassbourg. Paris, 1923. p. 236. (Paru dans la collection des travaux publiés par l'Institut d'études slaves I) — Прилози, књ. III, 1923, с. 308—320.

Рецензија. — Пишувана е на француски јазик.

Вд. Mazon, бр. 339.

152. Djerić, V. André Mazon: Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale. Étude linguistique, textes et tradiction, notes de folklore par —. Paris, 1923. p. 236. — Прилози, V, 1925, стр. 294—297.

Дополнение на критиката објавена во Прилози, кн. III. Вд. бр. 151. Текстот е на француски јазик.

Вд. Mazon, бр. 339.

153. Ђерић, В. Преглед најглавнијих особина дијалеката у Јужној Србији. НЕ, књ. X, 1924, бр. 11, стр. 336—340.

За некои фонетски особености на македонските народни говори.

154. Ђерић, Василије. Неколико питања о дијалектима у Јужној Србији. [Résumé]. Гласник СНД, књ. I, 1, 1925, стр. 5—34.

Прво дава преглед на литературата за македонските говори. Понатаму зборува за замената на ж во Скопје и кратовскиот говор, за замената на ж, ъ, ь и за акцентот во штипскиот говор и велешкиот, за рефлексите на ж, ъ, ь и тј-дј во прилепскиот говор и белешки за рефлексите на ж во Галичник.

Рецензија и критика: Цонев, бр. 810.

155. Ђерић, В. Поводом приказа Бојана Цонева. Прилози, књ. IX, 1929, стр. 251—256.

По повод критиката на Цонев под бр. 810. Вд. и бр. 157. Статијата има полемички карактер.

156. Ђ(орђевић), T. P. André Mazon: Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du sud. Paris, 1936. 8°. VII+462. Прилози, књ. XVII, 1, 1937, стр. 182—183.

Рецензија. — Вд. Mazon, бр. 342.

157. Ѓорѓески, Бошко. За некои нерасчистени прашања на нашата правна и економска терминологија. Македонски јазик, III, 1952, бр. 8—9, стр. 185—188.

158. Ѓорѓески, Бошко. Јазикот и термините во уставните закони. Нова Македонија, г. X, бр. 2524, стр. 8.

159. [Елезовић, Глиша]. Записи и натписи. Збирка Глише Елезовића. Зборник ЈС, књ. I, 1936, стр. 251—270.

Записките се од лесновскиот манастир, од Кратово, Кривопаланечко, Светониколско и Скопско.

160. Живановић, J. О српском језику. [Издање Српске књижаре и штампарије браће М. Поповића]. Нови Сад, 1888. Стр. 270.

III. Српски језик у околини призренској, пећској, моравској и дибарској. 5. Дибарски крај (стр. 221—229).

Се зборува за особеностите на дебарскиот говор

161. Ем, Ханс. Македонски народни имиња за видови од родот quercus (дабови). ГЗбЗШФ(ш), кн. III (1949—1950), 1951, стр. 71—81.

Резиме на немски јазик.

162. Ем, Ханс. Македонски народни имиња за шумарските дрвја и грмушки. ШумПр, I, 1953, бр. 1, стр. 7—12.

163. Златарски, В. Какъ съ писали македонцитѣ преди 115 години. [Résumé]. МакПр, V, 1929, кн. 1, стр. 117—120+171.

Објавува две писма од 1814 г. пишани на велешки говор.

164. Зографски, Партений. Българска граматика. ЦарВ, 1857, № 315—320, 322, 326, 328—329, 331, 334—337, 343—344.

Авторот третира низа прашања од граматиката: за промената на именките, за членот (предлага да се пишува чл. форма со *о)* и др.

165. Зографски, Партений. Мисли за болгарскій-отъ ѧзикъ. БългКн, I, 1858, кн. I, стр. 35—40.

Авторот на оваа статија ѝ овде го повторува своето становиште искажано една година порано (ЦарВ., вд. бр. 164) за вонедување заеднички јазик со Бугарите, што би претставувал компромис меѓу бугарските и македонските говори. За основа на тој јазик, според него, треба да се земат западномакедонските говори. Понатаму З. укажува на најважните разлики меѓу мак. и буг. јазик, кои ги формулира во овие 12 точки: 1. разлика во акцентот, 2. м. *tj-dj* има повеќе *к-г*, 3. нема редукција на неакцентираните *а, е, о*, 4. м. р-л нема *ол-ор*, 5. *ѣ* > *е*, не ја, 6. *х* се губи или преоѓа во *ф в*, 7. три члена, 8. остатоци од старата деклинација кај именките, 9. наставката *-ија*, 10. во 3 л. един. сег. вр. се пази *-ш*, 11. има глаг. прилог, 12. ж > *а, о*.

Вд. Конески, бр. 265.

166. Зографскый, Парѳения. Началное ученіе за дѣца-та, напечатено отъ —. Цариградъ—Галата. У книгопечатницата на Д. Цанковъ и Б. Марковъ, 1858.

167. З(ографов), Хр. Семинарот на преподавателите по македонски јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 2, стр. 45—46.

Белешка за работата на семинарот на преподавателите по македонски јазик одржан на 25—27 јануари 1950 г.

168. Зографов, Хр. Испитување и оценување на учениците по македонски јазик и литература. Просветно дело, VI, 1950, бр. 10, стр. 4.

169. Иванић, Иван. Маћедонија и Маћедонци. Опис земље и народа. Нови Сад, 1908. 8°, стр. 608.

„О језику маћедонских Словена", стр. 106—120.

Содржина: Резултати испитивања говора маћедонских Словена у радњама српских и страних филолога. Мишљење Вука Караџића.

Разне констатације. Питање о члану. Акцент. Бугарин Драганов и Рус Јастребов доказују да маћедонски Словени нису Бугари већ Срби. Заблуде Шафарикове о језику маћедонских Словена. Истраживања проф. Ђерића и других писаца. Прави бугарски језик. Језик Маћедонаца и Шопова.

170. Иванова, Филимена. Непотребни зборови во јазикот на нашите ученици. Македонски јазик, I, 1950, стр. 153—154.

171. Ивановъ, Димитъръ. Ударението въ гевгелийския говоръ. Известия ССФ, кн. VII, 1931, стр. 447—458.

Особеностите и местото на акцентот во гевгелискиот говор.

172. Ивановъ, Димитъръ. Гевгелийскиятъ говоръ. [Изд.] Македонски научен институтъ. София, 1932. 8°, стр. 130+2 скици.

Содржина: Етнографски и културно-исторически бележки. Топография. Население. Носия. Къща. Поминъкъ. Нрави. Обичаи и вервания. — Одделот за јазикот содржи: Материали и обща характеристика 38—55. Звукове 55—79. Форми 79—95. Синтактични бележки 95—96. Ударение 96—106. Образци 107—122. Чужди и по-рѣдки български думи 123—130.

Рецензија: Мирчев, бр. 443; Лазаревић, бр. 324; Малецки, бр. 357, Младенов, бр. 495; P. Joc, бр. 537.

173. Ивановъ, Ст. П. Думи които се говорятъ въ село Владимирово (Малешъ). Новини, г. VI, 1896, бр. 53. (Цит. по БългПр, III, 4, 1896, с. 125).

Приказ: А. П. Стоилов во БългПр, III, 4, 1896, стр. 125—127.

174. Ивановъ, Й[ордан]. Ново Село (Видински окржгъ). ПерСп, XXXVI, 1891, стр. 969—976.

Авторот дава дијалектолошки материјал од говорот на ова село чие население е преселено од Северна Македонија.

175. Ивановъ, Йорданъ. Български старини изъ Македония. Събрани отъ —. Издава Българското книжовно дружество. София, 1908. 8°, стр. VI+310.

Ова издание после е дополнето:

175а. Ивановъ, Йорданъ. Български старини изъ Македония. Събрани и обяснени отъ —. Второ, допълнено издание. Издава Българската академия на наукитѣ. София, 1931. 8°, стр. VIII+672.

Содржи: I надписи и бележки (од разни места на Македонија). II книжовни и исторически паметници.

Материјали за историјата на македонскиот јазик.

Рец.: Селищев, бр. 681.

176. Ивановъ, Йорданъ. Сѣверозападнитѣ македонски говори — Тетовско, Скопско и Кратовско. Минало, I, 1909, кн. I, стр. 61—66.

Општа карактеристика на северните говори.

177. Ивановъ. Прѣводъ на евангелието на солунско-български говоръ. Миръ, 1913, бр. 3839. (Цит. по МакПр, VIII, 2, с. 174).

Одломка од Колакиското евангелие.

178. Ivanov, Jordan. Un parler bulgare archaïque. RESI, II, 1922, стр. 86—103.

Во говорот на селата Висока и Сухо, Солунско, при извесни услови се пази темниот глас ъ во крајот на зборот кај придавките и некои прилози што завршуваат на две или три согласки, пр. е́ндръ грат па́дна.

Рец.: Милетич, бр. 389. Вд. Романски, бр. 642.

179. Ивановъ, Йорданъ. Българо-албанската етническа граница. [Résumé]. МакПр, I, 1925, кн. 4, стр. 36—48+170—173.

Со јазични белешки за нашите гранични говори со Албанија.

180. Ивковић, М. А. Belitch: La Macédoine. Études ethnographiques et politiques. Avec cartes. Paris—Barcelone, 1918, p. 278. Прилози, I, 1921, стр. 124—125.

Рецензија. — Вд. Белић, бр. 25.

181. Ивковић, Милош. Л. Милетичъ: Важна фонетична особеностъ на единъ западномакедонски говоръ (Списание на Българската академия на наукитѣ, кн. XVI, клонъ историко-филологиченъ бр. 9, стр. 35—42, София 1918). ЈФ, II, 1921, кн. 1—2, стр. 147—149.

Критика. — Не се согласува со мислењето на Милетича дека сите замени на носовката ѫ потекнуваат од еден заеднички глас ъ. Неточно заклучува дека во западномакедонските говори има два акцента (◠ во двосложните зборови и ˝ во повеќесложните кој стои на третиот слог).

Вд. Милетич, бр. 393.

182. Ivković, Miloš. La chute du *v* dans les parlers de la Macédoine occidentale. RESI, II, 1922, стр. 80—85.

Загубата на интервокалното *в* во западномакедонските говори ја доведува во врска со слична појава во говорите северозападно од Солун во кои неакцентираното *о* дава *у*. Врз основа на тоа тој претполага дека во постаро време и во западна Македонија акцентот бил слободен.

Вд. Конески, бр. 259.

183. Ивковић, Милош. Акценатски системи српскомакедонских говора. ЈФ, II, 1921, кн. 3—4, стр. 254—271; IV, 1924, стр. 46—71. (Недовршено).

Според акцентот, одн. местото на акцентот македонските говори ги дели на три групи: I А-група во која влегуваат говорите од југоисточна Македонија (Кочани, Штип, Радовиш, Струмица, Дојран, Гевгели, Кукуш, Солун, Енице Вардар, Меглен, Воден и Кајлар), II Б-група (со ограничена разносложна акцентуација, говорите во Костурско, Леринско, Мариовско и Тиквеш) и III-група (со врзан акцент) во

која ги зема сите мак. говори западно од спомнативе две групи. Понатаму дава преглед на говорите од групите А и Б по зборовни категории.

Рец.: Цонев, бр. 811.

184. Ивковић, М. Единството на българския езикъ въ неговитѣ наречия, отъ проф. д-ръ Л. Милетичъ (Български прѣгледъ, София, 1929, I, 1, с. 3—21). ЈФ, X, 1931, кн. 1—3, стр. 244—252.

Критика. — Ив. смета дека единството на бугарскиот јазик не може да се гледа во синтаксичките форми, како што мисли Милетич, бидејќи губењето на деклинацијата не е специфична бугарска особина; таа се развила под туѓо јазично влијание (влашко или новогрчко). Понатаму се задржува на некои гласовни особености на македонските говори (*tj, *dj, ь, ъ, ѣ, ѧ) и на прашањето за потеклото на говорот во Вевчани и Радожда (Струшко). Говорот на овие две села, според Ивковиќ, е остаток од еден уништен дијалект кој зафаќал порано поголема територија. После претставниците на овој говор или се преселиле, или нивниот говор се претопил во соседните говори. А тоа што наоѓа Милетич заеднички црти меѓу овој говор и бугарските говори во Еркечко и Тетевенско (ѫ во тие говори дава *а*), тие можеле да бидат пренесени тамо од Македонија, а не обратно.

Вд. Милетич, бр. 405.

185. Ивковић, М. Извештај о дијалектолошким испитивањима. Годишњица ЗСВС, I, 1934, стр. 25—30.

Кратка карактеристика на дебарскиот мијачки говор. Го дели на два подговора: дебарски и јабланичко-голобрдски. Дебарскиот говор има: ъ место ѫ, а вториот *о* (рока); дебарскиот чува вокално *л-р*, зад уснените *ол-ор* (полно, Ворбница), во јабл. голобрд. во сите позиции *ол-ор*. Јабланичко-голобрдскиот го дели на: јабланички (во кој се губи меѓувокалното *в* и има *шт-жд* м. *tj, *dj) и голобрдски (*шч-жџ* м *tj-*dj, номинатив мн. кај именките од ж. р. завршува на *е:* жене).

186. Илиева, Стефана. Какъ се изразява частичниятъ родителенъ падежъ въ западнитѣ български говори. Известия ССФ, VII, 1931, стр. 476—489.

Приведеннот материјал во поголем дел е од македонските говори.

187. Илиевъ, Йонко. Изчезване на инфинитивъ и остътъци отъ него въ българския езикъ. Известия ССФ, IV, 1921, стр. 126—148.

Има примери и од нашата јазична територија.

188. Ильинскій, Г. Происхожденіе частицы *зи* въ болгарскомъ и сербскомъ языкахъ. РФВ, г. XV, 1901, № 1—2, стр. 71—78.

Дава примери и од нашата територија.

Рец.: Jagić, Archiv f. sl. Phil. XXIII, 1901, с. 544—545.

189. Ильинскій, Г. Заметки о мак. -болг. наречии *ушче (уште)*. [Résumé]. МакПр, VI, 1931, кн. 4, стр. 45—50 + 154.

Формата *ушче (уште)* м. *оште (ошче)*, според Илински, е контаминација од *не оу* (синоним на *оште*) и *оште*.

Вд. Леков, бр. 334.

190. Ильинскій, Г. Запись в Лесновском Паренесисе Ефрема Сирина 1353 г. Списание БАН, XLV, (22), 1933, стр. 67—73 + 1 факсимил.

Текстот на записот со јазични белешки.

191. Иљоски, Васил. Убрзан-забрзан. Македонски јазик, I, 1950, стр. 69—70.

Можат да се употребуваат обете форми зависно од мисловната содржина.

Вд. Печијаре, бр. 585.

192. Иљоски, Васил. Прашањето за употребата на релативните заменки: кој што, што, кој. Македонски јазик, I, 1950, бр. 3, стр. 84—91.

Вд. Конески, бр. 266; Корубин, бр. 298.

193. И. И-д. Филологически материали отъ Кичевско. Новини, III, 1893, бр. 40, стр. 1—2.

Зборови, пословици и прикаски од Кичевско. Текстот е акцентиран.

194. И. Филологически бѣлѣжки по говора въ Кичевско. Отговоръ на г-на С. Панаретовъ. Новини, III, 1893, бр. 54, с. 1—2.

Вд. Панаретов, бр. 570.

194а. И. Филологически материали по говора въ Кичевско. Новини, III, 1893, бр. 76, стр. 1—2.

Една црковна проповед на кичевски говор.

195. Iriček, K. Conventionelle Geheimsprachen auf der Balkanhalbinsel. Archiv f. Sl. Phil., VIII, 1885, стр. 99—102.

Белешки за говорот на преселениците Македонци од Костурско во Брацигово.

196. Jagić, V[atroslav]. Zur Frage über den Rhinesmus im Neubulgarischen. Archiv f. sl. Phil., II, 1877, стр. 399—400.

За назализмот во јужните македонски говори. По повод статијата на Хатала „О носних самогласих у бугарштини". Вд. бр. 795.

197. Jagić, V. Rupci oder Rupalani in Thracien und Macedonien. Eigenthümlichkeiten ihres Dialectes. Archiv f. sl. Phil., VII, 2, 1884, str. 320—324.

198. Jagić, V. Neuste Belege für den Nasalismus der macedonischen Dialecte. Archiv f. sl. Phil, XI, 1889, str. 264—266.

Реферат. — По повод статијата на Драганов „Носовые гласные звуки въ современныхъ македонославянскихъ и болгарскихъ говорахъ".

Вд. Драганов, бр. 137.

199. Jagić, V. Ein Kapitel aus der Geschichte der südslavischen Sprachen. Archiv f. sl. Phil, XVII, 1895, стр. 47—87.

Зборува и за македонските согласки *ќ, ѓ*.

200. Jagić, V. Einige Streitfragen. Archiv f. sl. Phil, XX, 1898, стр. 1—54.

2. Verwandtschaftsverhältnisse innerhalb der slavischen Sprachen, 13—48.

На стр. 34 и натаму зборува за рефлексите на полугласките, јат, епентетското *л*, за *ќ ѓ* место групите *шј дј*, за наставката *-ме* во 1 л. мн. презент и *-ш* во 3 л. ед. презент во нашите народни говори.

201. J[agić], V. Уводъ въ историята на българский езикъ. А. Прѣгледъ върху българскитѣ говори отъ д-ръ Б. Цоневъ, София, 1901, 8°, 74. — Vukčević. Jezik u Kirečkom, Rad, knj. 145. — Archiv f. sl. Phil, XXIII, 1901, стр. 553—560.

Рецензија. — Вд. Цонев, бр. 804; Vukčević, бр. 91.

202. Jagić, V. Die Anfänge der slavischen Kultur und Sprache. Wien, 1907. Internationale Wochenschrift für Wissenschaft, Kunst und Technik, Beigabe zur „Münchener Algemeinen Zeitung". 1. Jahrb., № 22, 1907, стр. 693—704.

203. Jagić, Vatroslav. Die slavischen Sprachen. Kultur der Gegenward, Teil I. Berlin und Leipzig, 1908.

На стр. 21—22 зборува за македонскиот јазик.

204. J. Да се стави еднаш точка на јазичниот правописен хаос во нашиот печат. Нова Македонија, II, 1945, бр. 216.

205. Јаневски, Славко. Октомври или октоври. Македонски јазик, I, 1950, стр. 22.

Правилна е формата *окшомври*.

206. Jiriček, K. Starobulharské nosovky. ČMusČ, LVIII, 1875, стр. 325—330.

Приведува примери со запазена носовост од Западна Македонија.

207. Jokl, Norbert. Slaven und Albaner. [А. М. Селищев: Славянское население в Албании. С иллюстрациями в тексте и скартою Албании. [Изд.] Македонский научен институт. София, 1931. IV, 352 + 1 karte, 8°]. Slavia, XIII, 1935, кн. 2—3, стр. 281—325 + 609—645.

Критика. — Вд. Селищев, бр. 688.

208. Josef, Páta. Ze sofijské Národní knihovny I—II. ČMF, IV, 1914, стр. 105—111, 193—201.

Краток опис на еден ракопис од XIII—XIV век кој се води под бр. 199 во Софиската народна библиотека. Авторот смета дека е

овој споменик пишуван во Охридско. Во него зад *ш* и *ј* место ѧ стои ѫ, а зад мекото *л* има ѫ место ѧ. Има случаи со *а* место ѫ и со ѣ место ѧ.

208а. Jurinić, S. Ocjena djela „Makedonien und Alt-Serbien" von Spiridon Gopčević. Sofija, 1892. 8°, стр. 107.

Јуриниќ особено се задржува на статијата „Како говоре Старо Срби и Македонци?" (во нем. оригинал: Was sprechen die Alt-Serbien und Macedonier). На 43 страни (17—60) дава подробна анализа на споменатава статија, полемизира со Гопчевиќ за секое прашање од нашиот јазик и за секоја црта дава паралели и од српскиот и од бугарскиот јазик. Спротивно на Гопчевиќа, Ј. македонскиот јазик го смета за дијалект на бугарскиот.

209. Каваев, Филип. За зборовите *шпежер* и *косменье* во зборникот на браќа Миладиновци. Македонски јазик, III, 1952, бр. 4, стр. 92—93.

Поправки. По повод статијата на М. Петрушевски „За првобитниот текст на зборникот од браќа Миладиновци". Вд. бр. 582.

210. Каваев, Филип. Речник. Македонски јазик, III, 1952, бр. 4, стр. 94—96.

211. Каваев, Филип. Танчар-танчарка: танцер-танцерка. Македонски јазик, III, 1952, бр. 7, стр. 168—169.

212. Карановъ, Ефремъ. Кратки бѣлѣжки за кратовския говоръ. ПерСп (Соф), V, 1883, стр. 122—123.

213. Карановъ, Ефремъ. Материали по етнографията на нѣкои мѣсности въ Сѣверна Македония, които сѫ смежни съ България и Сърбия. СбНУ, IV, 1891, стр. 280—319.

На стр. 314—319 дава краток опис на кратовскиот говор.

214. Караџић, Вук Стефановић. Додатак к санктпетербургским сравнительним рјечницима свију језика и нарјечија, с особитим огледима бугарског језика. У Бечу, 1822. 4°, стр. 54.

Препечатено во Скупљени граматички и полемички списи Вука Стеф. Караџића, књига II, свеска 1, 1894, стр. 178—240.

Содржина: 1. Додатак к санктпетербургским сравнительним рјечницима свију језика и нарјечија, стр. 1—32 (Грамат. и полем. списи, II, 1, стр. 178—216); — 2. Особити огледи бугарског језика: I Преводи из јеванђелија (Лука, X, 30; Лука, XV, 10; Оче наш), стр. 33—36 (Грам. и пол. сп. 217—220); II Народне бугарске пјесме, стр. 37—47 (Грам. и пол. сп. 220—229) и Поговор, стр. 48—54 (Грам. и пол. сп. 230—240).

Во првиот дел К. го изнесува историјатот на работата околу македонскиот јазик и побудите за таа работа. Давајќи го списокот на македонските зборови дава и некои појаснувања за ортографијата. Тој дава и податок дека зборовите му ги дал некој човек од Разлог. — Во вториот дел К. ги дава евангелските текстови и 27 македонски народни песни.

Во „Поговорот" К. дава неколку податоци за Четиријазичникот на Данаила, Митарствата и Различни поучителни наставленија на Кр-

човски. И на крајот врз основа на забележените текстови дава преглед на граматиката на разлошкиот говор.

Вд. Поленаковиќ, бр. 600.

215. Каровски, Лазо. Зборови од Тиквешко. Македонски јазик, II, 1951, стр. 90—93.

216. Качановский, В. La Macédoine au point de vue ethnographique, historique et philologique. Par Offeïcoff. Philippopoli, 1888. ВѢстСл, 1, 1888, стр. 157—158.

Приказ. — Вд. Offeïcoff, бр. 535.

217. К[ачановский], В. Leonhard Masing: Zur Laut — und Accentlehre der macédonische Dialecte. St.-Peterburg, 1891. ВѢстСл, VII, 1892, стр. 113—114.

Приказ. — Вд. Masing, бр. 365.

218. Кепески, Круме. Македонска граматика. (Издава Државното книгоиздателство на Македонија). Скопје, 1946, стр. 78, 8°.

Граматиката е работена спрема програмата на Министерството за народна просвета на НРМ. Содржи: увод (5—14) во кој се дава поим за мајчиниот јазик, за говорот и писмото, дијалектот и наречјето, односот меѓу нацијата и јазикот, утврдувањето на македонскиот литературен јазик како резултат на народно-ослободителната борба, азбуката, старото македонско писмо и денешното и сл. 2. Фонетиката (14—24) е работена главно спрема првиот правопис; 3. Етимологија (24—29), 4. Морфологија (29—67), 5. Синтакса (67—73), 7. Интерпункција 73—78). — Ова е прва македонска граматика.

219. Кепески, Круме. Македонска граматика. Второ поправено и надополнето издание. Државно книгоиздателство на Македонија. Скопје, 1947, стр. 78, 8°.

Нема готово никакви измени од првото издание.

Вд. бр. 218.

Рецензија: Соколовски, бр. 708; Frinta, бр. 792.

220. Кепески, Круме. Македонска граматика. (Државно книгоиздателство на НР Македонија). Скопје, 1950, стр. 154, 8°.

Ова е трето издание на неговата граматика. Некои партии се доста проширени, има повеќе текстови и примери. Сообразена е со новите промени во правописот. На крајот е даден список на глаголи од е-група.

Вд. бр. 218, 219.

Рецензија: 1. Тошев, бр. 771, 773; 2. Лант (Lunt), бр. 329; 3. Конески, бр. 271; 4. Костовски, бр. 311; 5. Стаматовски, бр. 615; 6. Matthews, бр. 381.

221. Кепески, Круме. Некои неправилно употребувани зборови. Македонски јазик, I, 1950, бр. 1, стр. 22—23.

За погрешната употреба на зборовите: долунаведен, постанал м. станал, доликува м. прилега, снага м. сила.

222. Кепески, Круме. По повод неправилната употреба на финалните реченици во нашиот литературен јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 2, стр. 39—42.

223. Кепески, Круме. Нашиот јазик во плакати, реклами, објави, фирми и др. Македонски јазик, I, 1950, бр. 3, стр. 61—66.

224. Кепески, Круме. За местото на помошниот глагол *сум* во именскиот прирок. Македонски јазик, I, 1950, бр. 6, стр. 127—130.

225. Кепески, Круме. Редот на зборовите во нашиот јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 7, стр. 155—156. Препечатено во Просветно дело, VI, 1950, бр. 9, стр. 3.

226. Кепески, К. Кога се пишуваат зборовите заедно. Просветно дело, VI, 1950, бр. 10, стр. 7.

227. Кепески, Круме. Таблица на глаголите од е-група во нашиот литературен јазик. Просветно дело, VI, 1950, бр. 7, стр. 8.

228. Кепески, Круме. За потеклото, значењето и употребата на некои предлози. Просветно дело, VII, 1951, стр. 68—73.

Предлозите в - во, на, по.

229. Кепески, Круме. За идејноста и научноста во наставата по мајчин јазик и литература. Просветно дело, VII, 1951, бр. 2, стр. 21—33.

230. Кепески, Круме. Некои методски напатствија за наставата по македонски јазик. Просветно дело, VII, 1951, бр. 3, стр. 24—38.

231. Кепески, Круме. За одречноста во нашиот јазик. КултЖ, III, 1951, бр. 5.

232. Кепески, К. Одговор на критиката на новата македонска граматика. Нова Македонија, VII, 1951, бр. 1847.

По повод критиката на Ј. Костовски. Вд. бр. 311.

233. Кепески, Круме. За некои јазични и правописни грешки во нашиот печат. Македонски јазик, II, 1951, бр. 2, стр. 42—44.

234. Кепески, Круме. За некои синтаксички, јазични и правописни грешки во јазикот на нашите учители. Просветно дело, VIII, 1952, бр. 9—10, стр. 38—44.

235. Kiparskij, V[alerij]. Une nouvelle langue littéraire slave — le macédonien. NPhMit LII, 1951, № 3—4, стр. 117—120.

Преглед на најважните особености на мак. лит. јазик.

236. Киприловъ, К. Езикови впечатления отъ гр. Битоля. УчПр, 1942, бр. 8, стр. 994—998.

За српското влијание на јазикот на македонската школска младина.

237. Кисева, Надежда. Остатъци отъ старобългарското сегашно действително причастие въ българскитѣ народни говори. Известия ССФ, VII, 1931, стр. 502—523.

238. Киселиновић, Ђ[орђе] Ј. Охридско-преспанска лира. 100 народних женских песама из Охрида и Преспе. Скупио и уредио —. Битољ, 1926. 16°, стр. 118.

Во предговорот дава белешки за говорот на овие два краја. Рецензија: Павловић, бр. 542; Милетич, бр. 404.

239. К[иселиновић], Ђ. Ј. Језик и народна култура. Чланци од д-р М. Павловића, проф. универзитета, Скопље, 1937, с. 75. Луч, I, 1937, бр. 1, стр. 98—102.

Рецензија. — Киселиновиќ е против терминот „старошткавски" за македонските говори.

Вд. Павловић, бр. 551.

240. Киселиновић, Ђ. Ј. Лингвистичка посета једном македонском селу. Луч, I, 1937, бр. 1, стр. 191—196.

Белешки за говорот на охридското село Велгоште.

241. Киселиновъ, Г. Сръбската наука и българскиятъ езикъ. Просвѣта, VIII, 1942, бр. 8, стр. 183.

Забелешки по повод Белиќевиот „Галички дијалекат".

Вд. Белић, бр. 31.

242. Киселиновъ, Г. Българскиятъ характеръ на македонскитѣ говори. ЦѣлБъл, II, 1942, № 414, стр. 4.

243. Китаноски, Дано. Безлични реченици. Македонски јазик, II, 1951, стр. 84—86.

244. Китанчевъ, Трайчо. За ударението върху думитѣ въ ресенский говоръ отъ западномакедонското нарѣчие. ПерСп(Соф), XLI—XLII, 1893, стр. 857—915.

Истата статија е препечатена во: Съчинения на Трайчо Китанчевъ, София, 1898, на ст. 163—217.

Зборува за местото на акцентот во ресенскиот говор. Прво го разгледува акцентот во одделни зборови, потоа акцентот во сложените зборови и синтагми.

245. [Кокић, Милован]. Записи и натписи. Збирка Милована Кокића. Зборник ЈС, кн. I, 1936, стр. 271—274.

Записки од Прилепско и Крушевско.

246. Конески, Блаже. Македонскиот правопис. Просветно дело, I, 1945, бр. 2, стр. 1.

По повод првиот макед. правопис.

247. Конески, Блаже. Учителите треба да збираат фолклорен и речнички материјал. Просветно дело, I, 1945, бр. 4, стр. 3.

248. Конески, Блаже. За македонскиот литературен јазик. Нова Македонија, II, 1945, бр. 128, стр. 3.

249. Конески, Блаже. Една македонска книга. Нова Македонија, II, 1945, бр. 164, стр. 4.

Известие и приказ на книгата „За македонцките работи" од К. П. Мисирков.

Вд. Мисирков, бр. 470.

250. Конески, Блаже. Македонската литература и македонскиот литературен јазик. Скопје, 1945. 16°, стр. 38.

Краток преглед на развитокот на македонскиот јазик и литература од почетокот на 19 век.

251. Конески, Блаже. Одживените речнички елементи во нашиот јазик. Нов ден, 1945, бр. 3, стр. 3—8.

Препечатено во „Македонска мисъл" I, 1946, бр. 9—10, стр. 391—394.

Многу турски зборови, како сабајле, бења, демек и сл., што се употребуваат во народните говори, а за кои имаме подобра замена, треба да се избегнуваат во литературниот јазик.

252. Конески, Блаже. Треба да се збира фолклорен и речнички материјал. Нова Македонија, III, 1946, бр. 334, стр. 8.

253. К(онески), Бл. Григор Прличев. Сердарот. Нова Македонија, III, 1946, бр. 364.

Белешка за македонското издание на „Сердарот" во 1946 г.

254. Конески, Блаже. Некои белешки во врска со речникот на нашиот јазик. Нов ден, 1946, бр. 7—8, стр. 35—51.

Зборува за образувањето на апстрактните зборови во литературниот јазик. Туѓите зборови на *-ние* можат да бидат заменети со глаголските именки на *-ње* или со именки од типот *управа, претстава, појава*, како и со образувањата на *-ба* (положба, состојба и сл.) место — *управление, претставление, положение, состојание.*

255. Конески, Блаже. Македонска књижевност и македонски књижевни језик. Младост, 1947, бр. 5, стр. 62—67.

Македонскиот јазик и литература пред војната, за време Народноослободителната војна и по ослободувањето. Зборува за правописот и дава општа карактеристика на литературниот јазик.

256. Конески, Блаже. Ѓорѓи Пулевски. (Одломка од предавањето за учебниците на македонски јазик во 19 век, држано на Скопскиот народен универзитет на 11 јуни 1948 г.). Нова Македонија, V, 1948, бр. 1069, стр. 6.

257. Koneski, Blaže. Dalja etapa u razvitku makedonskog pravopisa. KnjN, I, 1948, br. 10, str. 1.

За промените во правописот од 1948 г.

258. Конески, Блаже. Како работел Рацин над „Белите мугри". Нов ден, 1947, бр. 4—5, стр. 21—39.

Со забелешки за јазикот на песните.

259. Конески, Блаже. Загубата на интервокалното *в* во западномакедонските говори. [Résumé. Содержание]. ГЗбСФФ, I, 1948, стр. 111—128.

Спротивно на Ивковиќ, кој загубата на интервокалното *в* во западномак. говори го разгледуваше одделно од другите согласки а во врска со редукцијата на некои вокали, авторот на оваа статија, како и Облак, оваа појава ја разгледува во врска со загубата на другите согласки во меѓувокална позиција, во прв ред со *х* и *ј*. Од анализата на примерите во кои се задржало *в* и денеска К. заклучува дека тоа почнало да се губи во соседство со *о* коешто било силно лабијазирано, и токму таквото *о* допринесло *в* да добие билабијален изговор и пасивна артикулација пред неговото исчезнување. Основна причина пак за неговото полно исчезнување е местото на акцентот: непосредно зад акцентот тоа се запазило, додека во слоговите што се наоѓаат подалеку од акцентираниот слог се загубило (исп. *колкáва* : *кóлкă*). Понатаму авторот заклучува дека во втората половина на 16 век, кога почнало *в* да се губи, веќе била установена современата акцентска система во западните мак. говори. — На крајот зборува за последиците што настанале по загубата на *в*.

Вд. Ивковиќ, бр. 182.

260. Конески, Блаже. По повод најновиот напад на нашиот јазик. (Изд. Земскиот одбор на НФ на Македонија). Скопје, 1948, 8°, стр. 48.

Одговор на злонамерните пишувања во бугарскиот печат против самостојноста на македонскиот јазик и македонската нација.

261. Конески, Блаже. Прилепскиот говор. [Résumé. Содержание]. ГЗбСФФ, II, 1949, стр. 247—301. И одделен отпечаток.

Во првиот дел — За гласовите — покрај тоа што дава примери кои имаат важност за изучувањето на историскиот развиток на гласовите во македонскиот јазик, авторот особено се задржува на сонременот гласовен систем на прилепскиот говор и на некои гласовни појави, на пр. дифтонгизацијата на *о* и *е* и широкиот изговор нивни, кои не се споменуваат во статијата на Д. Мирчев „Бѣлѣжки по прилепския говоръ".

Во вториот дел — За формите (со белешки за нивната употреба) — е даден опис на формите во овој говор и нивната синтаксичка употреба. Особено се задржува на глаголските форми — на нивното образување и значење.

На крајот има текстови: 2 приказни и 4 писма.

262. Конески, Блаже. Два прилога кон историјата на македонскиот јазик. [Résumé. Содержание]. ГЗбСФФ II, 1949, стр. 305—312.

1. Кон изучувањето на говорните граници во западна Македонија во постаро време,

2. Кон историјата на формите за 3 лице множина од сегашно време во охридскиот говор.

Во првата статија се дадени некои факти од топонимијата во западна Македонија што можат да бидат искористени за установување на границите меѓу западномакедонските говори во постаро време.

Во втората статија авторот ја разгледува историјата на формите за 3 л. мн. во охридскиот говор. Заклучува дека формите на *-ат* во 3 л. мн. се постари во охр. говор.

263. Конески, Блаже. Критика на некои наши преводи. Нов ден, IV, 1948, бр. 1—2, стр. 139—146; бр. 3, стр. 66—73; бр. 4, стр. 95—98.

Критиката се однесува на преводите: „Мајка" од М. Горки, „Тарас Буљба" од Гоголь и „Раскази" од А. П. Чехов.

264. Конески, Блаже. За нашиот литературен јазик. Поезија и проза на младите. (Изд. НОПОК). Скопје, 1949, стр. 26—34.

Одломка од предавањето одржано на советувањето на младите македонски писатели во 1948. Авторот зборува за важноста и потребите од изучувањето и усвојувањето на литературниот јазик. „Кај нас, меѓу нашите млади писатели тоа треба да се одвива во два правца: 1. усвојување на елементарната писменост и 2. усвојување и развивање на изразните средства".

265. Конески, Блаже. Македонските учебници од 19 век. Еден прилог кон историјата на македонската преродба. Историска библиотека 1. Издава Главниот одбор на Нар. фронт на Македонија. Скопје, 1949, стр. 99, 8°.

Разгледани се 15 учебници издадени од 1857—1875.

Во уводниот дел К. зборува за приликите во Македонија до 60-тите години на минатиот век, кога се поставува прашањето за македонскиот литературен јазик.

Со навлегувањето на капитализмот во Турската империја почна да се формира и нашата чаршија. Македонското граѓанство уште во своето формирање дојде во сукоб со грчките и грковлашките трговци и занаетчии заради конкурентската борба на пазарот. Оваа борба, која подолека добиваше национална обоеност, се засили во шеесеттите години на минатиот век. Тоа се изрази во движењето против власта на Патријаршијата, против употребата на грчкиот јазик во црквите и училиштата, за самостојна црковна управа, и воопшто против грцизмот, за ослободување на нашиот народ од тешкото духовно и економско ропство под фанариотите. Ваква борба водеше и бугарското граѓанство. Тоа ги зближи Македонците и Бугарите; но бидејќи нашето граѓанство и во економски и во културен поглед беше понеразвиено, раководството во таа борба ја презедоа бугарските трговци. Тоа го овозможи засилувањето на бугарското влијание во Македонија. Дел од нашето граѓанство и интелигенцијата се ориентира кон бугаршгината. Во македонските училишта почна да проникнува бугарскиот јазик и бугарските учебници. Ова влијание особено се засилува од востанувањето на Бугарската егзархија (1871), одн. од ослободувањето на Бугарија. Така бугарската буржоазија ги засили своите позиции за сметка на грцизмот, како и српското просветно вли-

јание што до 60-те години беше фатило прилично длабоки корени. Борбата меѓу трите врховистички сили знатно се заостри.

Во овој период дел од македонското граѓанство, кое беше носител на националниот развиток на нашиот народ, стоеше на становиштето да се оди заедно со бугарското граѓанство, (нарамно под услов на добро разбирање), зашто постоеја ред општи проблеми.

Другиот дел, тн. *македонсити* уште тогаш ја увидоа опасноста што им претеше од буг. буржоазија, и според нив како единствен правилен пат на македонскиот народ го гледаа во самостојниот развиток.

Ова двојство на погледите на мак. граѓанство по однос на натамошниот развиток на нашиот народ се одрази и по прашањето каков треба да биде јазикот на наставата во македонските училишта, те. какви учебници треба да се употребуваат. Во врска со ова прашање се изразија две тенденции. Оној дел од мак. граѓанство што се приспособуваше кон буг. буржоазија се застапуваше за еден „општ" јазик, јазик што треба да претставува извесна средина меѓу македонските и бугарските говори. Но и тие го претпочитаа македонското наречје што требаше да влезе во основата на тој општ јазик. Меѓутоа, македонистите бараа да се воведе чисто македонскиот, оти Македонците не се Бугари туку одделен народ.

Најизразити претставители на првата тенденција се првите македонски учебникари — архимандритот Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар Македонски и Мачуковски.

Зографски (1819—1875), родум од Галичник, кој во периодот од 1857—1859 г. издаде два учебника, и практично и теоретски го бранеше становиштето за „општиот" јазик. Но тој сепак се застапува за западномакедонското наречје, или поточно за родниот галички говор на кој се напишани и учебниците. Во една статија ги дава најважните особености на нашиот јазик и разликите меѓу бугарскиот и македонскиот.

Кузман Шапкарев (1834—1908) е автор на осум учебници напишани на мак. јаз. И во неговите учебници преовладува неговиот роден говор — охридскиот. И Ш. бил за општ јазик. Но спрема реагирањето од бугарска страна против неговите учебници може да се наслути дека го делел и мислењето на македонистите.

Ѓорѓи Пулевски (1838—1894), родум од Галичник, во своите учебници најдобро и најјасно ги изразил идеите на македонистите. Во неговиот тријазичен речник тој јасно ја изразува потребата за создавање на македонски литературен јазик и за составување македонска граматика. Неговите учебници се напишани на галичкиот говор со некои мали остапувања.

Рецензија и оцена: Левков, бр. 323; Стојановиќ, бр. 738; Сотировски, 709; Тошев, бр. 764.

266. Конески, Блаже. Употребата на релативните заменки: што, кој што итн. Македонски јазик, I, 1950, бр. 1, стр. 11—15; бр. 2, стр. 32—39. Препечатено во Нов ден, VI, 1950, бр. 1—2, с. 25—34.

При третирањето на прашањето за употребата на релативните заменки авторот тргнува главно од синтаксата и стилистиката на народниот говор и го решава вака: „1. Во служба на подмет и предмет во релативната реченица треба да се употребува формата *што;* 2. Во падежни конструкции со предлог треба да се форсира употребата на формите: *кој, која, кое, кои* (таму каде што не е можна конструкција со *што)*", а 3. во извесни случаи „за стилско разнообразие на фразата, на местото од *што* во неговата обична употреба може добро да дојде и формата од заменката *кој*, а по принцип истото може да важи, само при друг некој конкретен случај, и за заменката *кој што* итн".

267. Конески, Блаже. Предлогот *в, во*. Македонски јазик, I, 1950, бр. 3, стр. 51—59.

За употребата на предлогот *в- во* пред одделни именки, пред состав од атрибут и именка и неговата употреба во поезијата.

268. Конески, Блаже. За донесувањето на македонската азбука и правопис. Македонски јазик, I, 1950, бр. 5, стр. 99—104.

По повод петгодишнината од донесувањето на првиот македонски правопис.

269. Конески, Блаже. Уште еднаш за релативните заменки. Македонски јазик, I, 1950, бр. 6, стр. 124—127.

По повод статијата на В. Иљоски „Прашањето за употребата на релативните заменки: кој што, што, кој".

Вд. Иљоски, бр. 192.

270. Конески, Блаже. Грешењето во акцентот. Македонски јазик, I, 1950, бр. 7, стр. 141—143.

Авторот укажува на погрешното акцентирање на некои литературни зборови од страна на нашите интелектуалци.

271. Конески, Блаже. За падежите. Македонски јазик, I, 1950, бр. 8, стр. 165—172. Препечатено во „Нова Македонија" од 20. XII. 1950, (бр. 1851).

Во третото издание на „Македонската граматика" Кепески пишува дека во македонскиот јазик има седум падежа. Авторот на оваа статија, укажувајќи на неправилноста и неоснованоста на поставката од Кепески по однос на падежите, предлага дури да се исфрли терминот „падеж" од нашата граматика во однос на именките, што имаат само посебна вокативна форма. Понатаму зборува за тоа како треба да се разгледуваат именките во нашата граматика.

Вд. Кепески, бр. 220.

272. Конески, Блаже и Крум Тошев. Македонски правопис со правописен речник. (Изд. Државно книгоиздателство на НР Македонија). Скопје, 1950, стр. 175, 16°.

Содржина. I Пишување на гласовите, II Преглед на формите, III Пренесување на делови од зборови од еден ред во друг, IV Употреба на големи и мали букви, и V Интерпукција. Правописот има и правописен речник (с. 79—175) составен во соработка на Божо Видоески и Рада Угринова.

Рец.: Димитровски, бр. 108.

273. Конески, Блаже. Македонската литература во 19 в. (Краток преглед и текстови). Скопје, 1950. 8°, стр. 101. (Второ издание 1952 г.).

Преглед на современата македонска литература заклучно со Мисирков. Наспоредно авторот го разгледува и прашањето за нашиот литературен јазик што се беше поставило во Македонија во средината на минатиот век, како и погледите на Мисирков по прашањето за лит. јазик.

274. Конески, Блаже. Македонскиот литературен јазик денеска. СоцЗ, II, 1950, бр. 1, стр. 1—22.

Препечатено во „Нова Македонија“ г. VII, 1950, № 1668, 1669, 1670 и 1671, и во Просветно дело, VI, 1950, бр. 6, стр. 4—5, бр. 7, стр. 4—5, бр. 8, стр. 2—3.

Во првиот дел авторот дава краток преглед на развитокот на македонскиот јазик до донесувањето на првиот македонски правопис во мај 1945. Во вториот дел зборува за задачите што треба да се извршат во врска со развитокот на нашиот литературен јазик во сегашната етапа. Тие задачи тој ги сведува на две главни. Прво — научно осветлување на фактите од нашиот литературен јазик и патиштата на неговиот развиток. Во врска со ова К. ја истакнува потребата од една солидна граматика на мак. јаз., издавање на нов проширен правопис и составување на еден полн речник на македонскиот јазик. Второ — практично изучување, усвојување и проникнување на литературниот јазик во широките народни маси. Во врска со тоа тој укажува по каков начин може тоа да се постигне.

275. Конески, Блаже. Една одломка од XIII век — споменик од Охридската школа. [Содержание]. ГЗбСФФ, III, 1950, стр. 1—15+прилог снимка од одломката.

Опис и јазични белешки на една одломка од октоих од почетокот на 13 век.

Во почетокот на статијата авторот истакнува дека терминот „среднобугарски споменици“ до колку се однесува и на македонските споменици од 12 до 15 век е погрешен. Понатаму тој се задржува на прашањето за замената на носовките. Заклучува дека назализмот во охридскиот говор не бил загубен во почетокот на 13 век, освен во одделни случаи. На крајот во заклучок се дадени основните карактеристики на Охридската правописна школа.

276. Конески, Блаже. Акцентот на туѓите зборови. Македонски јазик, II, 1951, бр. 1, стр. 1—5.

Се однесува за местото на акцентот на интернационалните зборови (именки и придавки) што се употребуваат во нашиот литературен јазик.

277. Конески, Блаже. Еден охридски текст од 19 век. Македонски јазик, II, 1951, бр. 5, стр. 97—102.

Јазична анализа на македонскиот текст од еден ракописен речник — разговорник од 19 век пишан со грчки букви.

278. Конески, Блаже. Преминување на акцентот од именката врз предлогот. Македонски јазик, II, 1951, бр. 7, стр. 145—163; бр. 8, с. 169—174; бр. 9—10, с. 193—200.

279. Конески, Блаже. Борба за македонски книжевни језик. Политика, г. XLVIII, 1951, бр. 14058 (27. XII), с. 3.

280. Конески, Блаже. Побжжда—Побоужда. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 217—221.

Името на селото Побужје (Скопска Црна Гора) кое е запишано во грамотата на Костантин Тих, 13 век, со ж (Побжжда) го изведува од коренот *bǫd-* (не од *bud-* како што сметаше Селишчев), те. од едно лично име *Побжждъ, како што е случајот со името на дебарското село Збъжди (Збажди, Збожди) од личното име *Събжждъ. Понатаму се запира на прашањето за изговорот на името Побужје во јазикот на населението од Скопска Црна Гора во времето откога потекнува грамотата на Тих.

281. Конески, Блаже. Забелешки во врска со песните на К. Миладинов. Македонски јазик, III, 1952, бр. 1, стр. 16—22.

Забелешки и исправки во песните на К. Миладинов во врска со поправките направени од Ив. Хаџов.

Вд. Хаджов, бр. 797.

282. К(онески), Б. За правната и економската терминологија. Македонски јазик, III, 1952, бр. 4, стр. 90—92.

По повод правната и економската терминологија објавена во сп. Преглед бр. 1 и 2.

Вд. бр. 37, 660.

283. Конески, Блаже. Професорот Мирчев против македонскиот правопис. Социјалистичка зора, г. IV, 1952, бр. 8. Препечатено во Македонски јазик, III, 1952, бр. 6, стр. 121—134.

Одговор на статијата на К. Мирчев: Как скопските титовци посрбиха македонския нравопис, напечатена во в. „Отечествен фронт“ од 13 април 1952 г.

284. Конески, Блаже. За речникот на македонскиот јазик. Нова Македонија, IX, 1952, бр. 2293 (21. IV).

285. Конески, Блаже. Јазикот на дамаскините. Нова Македонија, IX, 1952, бр. 3344, стр. 5. — Препечатено во книгата „Од историјата на македонскиот јазик“, с. 20—23.

Јазикот на постарите преводи на Дамаскиновите проповедн во Македонија во основата е црквенословенски од српска рецензија со бројни македонизми. Во поновите преписи нар. елементи се почести (зборникот издаден во Споменик СКА, XXXI, 1898), а во некои тие и преовладуваат (во еден тетовски ракопис од крајот на 18. или почетокот на 19. в.).

Види бр. 291.

286. Koneski, Blaže. Makedonski jezik. Jugoslavija, 1952, str. 19—20.

Краток преглед на развитокот на македонскиот јазик.

287. Конески, Блаже. За македонскиот литературен јазик. Издание на „Кочо Рацин“. Скопје, 1952, 16°, стр. 92.

Содржи: уводен збор 5—6, За македонскиот литературен јазик 7—10, Одживените речнички елементи на нашиот јазик 11—18, Белешки за речникот на нашиот јазик 19—43, За употребата на релативните заменки 44—60, Македонскиот литературен јазик денеска 60—92.

Вд. бр. 251, 254, 266, 274.

Рецензија: Димитровски, бр. 127.

288. Конески, Блаже. Македонскиот литературен јазик во периодот меѓу двете војни. Нова македонија, IX, 1952, бр. 2411. Препечатено во книгата „Од историјата на македонскиот јазик“, с. 60—64.

Вд. бр. 291.

289. Конески, Блаже. Македонскиот литературен јазик во Народноослободителната војна. Нова Македонија, IX, 1952, бр. 2417. Препечатено во книгата „Од историјата на македонскиот јазик", с. 64—67.

Вд. бр. 291.

290. Конески, Блаже. Граматика на македонскиот литературен јазик. Дел I. Увод. За гласовите. За акцентот. (Изд.) Државно книгоиздателство на НР Македонија. Скопје, 1952, 8°, стр. 188.

Содржина. — I Во уводот: Јазикот на словенската писменост во Македонија докај 16 век; Народниот јазик во практичната писмена употреба во времето од 16 до 19 век; Затврднувањето на народниот јазик во црковната литература до почетокот на 19 век; Текстови на народниот јазик пишувани со грчка азбука; Македонското јазично прашање во 19 век; Погледите на К. П. Мисирков; Развитокот на македонскиот литературен јазик по Првата светска војна; Македонскиот литературен јазик во годините на Народноослободителната борба; Конечното разрешување на македонското јазично прашање; Народната основа на македонскиот литературен јазик; За речникот на македонскиот литературен јазик.

Во одделот за акцентот: Карактерот на акцентот во литературниот јазик; Местото на акцентот; Отстапувања од третосложното акцентирање; Акцентот на сложените зборови; Акцентот во туѓите зборови; Акцентни целости; Целости со енклитични заменски форми; Целости со заменски форми, сврзници и др. пред глаголот; Целости од зборови пред именка; Отстапувања во акцентирањето на целостите; Префрлање на акцентот врз предлозите; Неколку забелешки во врска со акцентот во нашата поезија,

291. Конески, Б. (д-р Х. Поленаковиќ, П. Михаилов, Р. Угринова, Т. Стаматовски, Т. Димитровски и К. Мукаетов). Од историјата на македонскиот јазик. (Изд.) Нова Македонија. Скопје, 1952. 8°, стр. 70.

Содржина: 1. Солунските браќа Кирил и Методи, 2. Првата словенска писменост, 3. Писменоста до 16 век, 4. Нашиот јазик од XVI до XIX век, 5. Писмото од Крушево, 6. Јазикот на дамаскините, 7. Даниловиот „Четиријазичник", 8. Македонски текстови пишани со грчко писмо, 9. Јоаким Крчовски, 10. Кирил Пејчиновиќ, 11. Солунскиот печатар Теодосија Синаитски и неговото застапување за народниот јазик, 12. Учебниците од преродбата, 13. Браќа Миладиповци, 14. Жинзифов, Прличе, Цинот, 15. Крсте Петков Мисирков, 16. Македонскиот литературен јазик во периодот меѓу двете војни, 17. Македонскиот литературен јазик во Народноослободителната војна, 18. Македонскиот литературен јазик по ослободувањето.

Освен статијата под бр. 11, сите други се препечатени од в. „Нова Македонија".

Вд. бр. 126, 288, 289, 477—482, 515, 612, 613, 615а, 788—790.

292. Конеска, Милица. Мариовскиот говор. (Изд.) Филозофски факултет на Универзитетот. Дипломски работи, кн. 3. Скопје, 1951, 8°, стр. 40+1 карта.

Мариовскиот говор го дели на два подговора: старомариовски кој по своите црти е поблизок до источните и југоисточните говори, и маломариовски поблизок до централните говори. Најкарактеристични црти на првиот говор се: л > ъ, нема мешање на носовките, една членска форма (-от, -о); во вториот: л > ол, има три членски форми.

293. Константиновъ, Георги. Костурска епопея. I часть. Пловдивъ, 1941. Стр. 160+82+29+12. (Цит. по МакПр XIII, I, 130).

2. „Носовкитѣ въ костурскитѣ български говори".
Рецензија: Ярановъ, МакПр XIII, 1, 1942, стр. 130.

294. Корубиновски, Бл(агоја). Повеќе вера во нашиот литературен јазик. По повод појавата на некои важни општествено-научни работи во македонски превод. Нова Македонија, г. IV, 1947, бр. 662.

295. Корубин, Благоја. Самоопределение — самоопределење — самоопределување — самоопределба (и нешто за глаголските именки на -ба). Македонски јазик, I, 1950, бр. 4, стр. 91—92.

Ѝ дава предност на формата *самоопределба.*

296. Корубин, Благоја. Нешто за образувањето на глаголските именки во нашиот јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 6, стр. 117—124.

Се зборува за образувањето на глаголските именки со суфиксите: -а, -ба, -а(-е)ње, -ачка, -еж, -ка, -а(-е)ние и без суфикс.

297. Корубин, Благоја. За неправилната употреба на глаголот *(за)јакнам.* Македонски јазик, I, 1950, бр. 6, стр. 135—136.

Смета дека е подобро да се употребува зборот *засилам* (силен), во значење на срп. (по) јачати одошто *(за)јакнам.*

298. Корубин, Благоја. Некои забелешки и примери во врска со релативните заменки. Македонски јазик, I, 1950, бр. 7, стр. 144—150.

Дискусија по повод поранешните написи за релативните заменки.

Вд. Конески, бр. 266; Иљоски, бр. 192.

299. Корубин, Благоја. Величанство - величество - величе-н-ство? Македонски јазик, I, 1950, бр. 8, стр. 195—196.

Правилна форма е *величество.*

300. Корубин, Благоја. Некои случаи кај речениците со *да.* Македонски јазик, I, 1950, бр. 9—10, стр. 224—228.

Зборува за местото на сврзникот *да* во реченицата.

301. Корубин, Благоја. Две пасивни конструкции во неправилна употреба. Македонски јазик, II, 1951, бр. 2, стр. 28—31.

I Пасивната конструкција со предлогот *од* и II конструкцијата составена од сегашно време на помошниот глагол *сум* и пасивната придавка.

302. Корубин, Благоја. Само скромен прилог. Македонски јазик, II, 1951, бр. 3—4, стр. 67—77.

Полемика со Т. Димитровски по прашањето за употребата на релативните заменки кој, што, којшто.

Вд. бр. 113.

303. Корубин, Бл. *На* и *од*. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 212—217.

Употребата на предлозите *на* и *од*. Авторот му дава предност на предлогот *на* и во посесивна употреба не исклучувајќи ја употребата на *од*.

304. Корубин, Бл. Некои особености во творењето на придавки од именки. Македонски јазик, III, 1952, бр. 3, стр. 49—52.

За образувањето на придавките од типот *масовен, поштенски, каштински* и сл.

305. Корубин, Бл. Нешто за дамаскините во врска со пронајдувањето на еден таков зборник кај нас. Македонски јазик, III, 1952, бр. 4, стр. 78—84.

Белешка за еден ракописен зборник. Зборникот содржи две Дамаскинови слова, едно слово на Јован Златоуст, едно наравоучение и неколку молитви.

306. Корубин, Благоја. Некои случаи од јазикот на К. Мисирков. Македонски јазик, III, 1952, бр. 7, стр. 149—155.

1. Предлогот *на;* 2. Две или повеќе придавки со една именка.

307. Корубин, Благоја. Најважните погледи и обиди на К. П. Мисирков. Македонски јазик, III, 1952, бр. 10, стр. 221—239.

Погледите на Мисирков за македонската нација и мак. јазик.

308. Костовски, Јован, Школо или школа. Македонски јазик, I, 1950, бр. 3, стр. 70.

Ја предлага формата *школа-школи*.

309. Костовски, Јован. Нешто за нашите преводи од српски јазик. Македонски јазик, I, 1950, бр. 3, стр. 71—72.

Неколку изрази неправилно преведени од српски јазик.

310. К(остовски), Ј. Исклучоци од правилата за едначење по звучноста. Македонски јазик, I, 1950, стр. 157.

311. Костовски, Јован. Новата македонска граматика од Круме Кепески. Нова Македонија, VII, 1950, № 1837 (2. XII).

Вд. Кепески, бр. 220.

312. Костовъ. Селищев: Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северозападной Македонии. С этнографической картой Полога. София, 1929. Известия НЕМ, VIII—IX, 1929, стр. 671—672.

Рецензија.

Вд. Селищев, бр. 675.

313. Кузовъ, А. Костурскиятъ говор. Известия ССФ, IV, 1921, стр. 86—125.

Во уводниот дел ги дава границите на костурската говорна област, која ја дели на четири говорни единици: Пополе, Корешчата, Костенаријата и Нестрам-кол. Говорот на Нестрам знатно се разликува од првите; меѓу покарактеристичните особености спаѓаат: реф. на ж *-он, о;* член. форма *-от*, честицата за идно време *зе* (м. ќе). Во Пополе и Корешчата место нив има: ъл (ъ), *о, ќе*.

Потоа го разгледува говорот на Пополе и Корешча. Најкарактеристична црта од вокалниот систем во говорот на овие две области се рефлексите на носовките (ж, ѧ). Место ж има ъ и ъм (ън), а место ѧ — *ен* и *е*. Носовиот изговор, кој се состои од вокалниот елемент и назалниот, се пази во кореновите слогови и тоа само кога зад нив следи некоја од согласките *б, г, д* и *s*. Кога е *б* назалниот елемент е *м* (ъм), а пред *г, д, s* — *н* (ън): *длъмбок, дрънг, брачендa, глендам* и сл. — Акцентот во овој говор е определен на вториот слог од крајот.

314. Кульбакинъ, С. М. Охридская рукопись апостола конца XII вѣка. БългСт, кн. III, 1907, стр. CXXXV+141+VIII таблици.

Содржи: палеографски опис на споменикот (III—LIX), фонетика (LIX—LXXXV), морфологија (CX—CXIV), местото каде е напишан споменикот (CXVII—CXX), забелешки за преводот на апостолските четива (CXX—CXXXIV), текстот на споменикот (1—136).

315. Кульбакин, Степан. О речничкој страни старословенског језика. Глас СКА, CXXXVIII, 1930, стр. 85—144.

Откога ги приведува работите на Копитара, Шафаржика, Јагиќа и Вондрака од областа на старословенскиот јазик, авторот исцрпно ја разгледува расправата на Цонева „Кои новобългарски говори стоятъ най̀близку до старобългарскиятъ въ лексикално отношение“ (бр. 809). К. ги разгледува сите зборови приведени од Цонева и заклучува дека мислењето на Ц. не е точно, и прашањето за речникот на старослов. јазик треба одново да се стави на дневен ред.

Понатаму К. дава богат лексички материјал од старословенските споменици, кој го споредува со српскохрватскиот и словенечкиот јазик. Тој констатира дека голем број старосл. зборови се употребуваат и во српхрв. и слов. јаз. и заклучува дека „најблиску до старослов. македонски дијалект на св. Кирил и Методи во лексички поглед стојат српскохрватската и словенечката јазична група“.

Критика: Державин, бр. 104; Милетич, бр. 408. Сп. Цонев, бр. 809.

316. Куевъ, К. М. Max Vasmer. Die Slaven im Griechenland. Berlin, 1941, str. I+VIII+350. УчПр, г. XLI, 1942, кн. 11, стр. 1156—1159.

Рецензија. — Вд. Vasmer, бр. 62.

317. [К'нчов]. Пѫтуванье по долинитѣ на Струма, Места и Брѣгалница. СбНУ, XII, 1895, стр. 212—317.

На стр. 257—258 дава две пѫсма пишани на разлошки говор, едното од 1791 г. а другото од 1809. Има и записки од Разлошко.

317а. Лавровъ, П. А. Сербо-болгарскій споръ за обладеніе Македоніей. Труды общества славянскаго научнаго единенія. Петроградъ, 1915.

[Цит. откај Ѓерикѓ, Неколико главних питања..., 63—66. Вд. бр. 150].

Авторот констатира дека во Македонија нема јазично единство. Во северна Македонија има повеќе српскн фонетски особености а југоисточните говори се поблиску до бугарскиот јазик. Во западна Македонија пак, според него, има и српски и бугарски црти.

318. Лавровъ, П. А. Обзоръ звуковыхъ и формальныхъ особеностей болгарскаго языка. Москва, 1893, V+23б +17б. (Отпечатокъ од „Чтенія въ Императорскомъ Обществѣ Исторіи и Древностей россійскихъ при Московскомъ Университетѣ). (По цитат).

Покрај материјалот од бугарскиот јазик авторот приведува и богат материјал од нашиот јазик.

Рец. и реф.: 1. Щепкин, бр. 828; 2. Соболевски, бр. 707; 3. Јагиќ во Archiv f. sl. Phil., XVI, 1894, стр. 282—284; 4. Облак во Archiv f. sl. Phil., XVI, 1894, стр. 481—492; 5. Томиќ во „Дело", II, стр. 566—568.

319. Лавровъ, П. А. Сборникъ Верковича I. Народныя пѣсни Македонскихъ болгаръ. Сборникъ Отдѣленія Русскаго языка и словесности Россійской Академіи наукъ. Томъ XCV, № 5 и последній. Петроградъ, 1920, 8°, стр. IV+352.

Двесте македонски народни песни од заоставштината на Верковиќ со предговор на Лавров.

Рец.: I. Стоилов во ИзвНЕМ VI, 157—171; 2. Младенов во ИзвНЕМ VIII—IX, 263—264.

320. Lavrov, Petr A. a Jiří Polívka. Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových. Vydali—. [Rozpravy České akademie věd a umění, třida III, čislo 70]. V Praze, 1932, стр. IV+596.

Содржина: 1. Предговор од Поливка; 2. Увод 1—6 (го пишувал Лавров); 3. Прикаски (од разни места во југоисточна Македонија: Солунско, Ениџевардарско, Серско, Неврокопско) 7—296; 4. Статија од Лавров: Описание говора лежашего в основе сборника Верковича 297—343; 5. Статија од Н. К. Дмитриев: Материалы Верковича как туркологический памятник 343—354; 6. Список на „Слова греческого происхождения" 354—358, и 7. Слова османо-турского происхождения" 359—384; 8. Превод на прикаските на чашки јазик од Поливка 385—525; 9. Дополненија кон речникот од Јан Рипка и Ст. Романски 526—572; 10. Регистар и коментар.

Рец.: 1. Мнлетич, бр. 412; 2. Мирчев, бр. 445; 3. Младенов, бр. 507

321. Лавров, П. А. Описание говора лежашего в основе сборника Верковича. Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových. Vydali Petr A. Lavrov a Jiří Polívka. V Praze, 1932, str. 297—342.

Содржина: 1. Описание звуков, 2. Описание форм, 3. синтаксис (предлоги, союзы, междометие, предложение, порядок слов) и 4. Семантика.

322. Лазаревић, Делимир. Српски дијалекти на Југу у контакту с грчким дијалектима. Гласник СНД, V, (2), 1925, стр. 215—220.

Зборува за некои јазични особености заеднички на нашите јужни и северните грчки говори (редукцијата на *е и* во *о у*, глаголските форми со *имам* и *сум*+пасивната придавка, степенувањето со *по* и *нај*, удвојувањето на личните заменки, губењето на инфинитивот, образувањето на условен начин од имперфект и ќе).

323. Лазаревић, Делимир. Дијалектолошко испитивање Јужне Србије. Јужни преглед, VI, 1931, бр. 11, стр. 434—438.

324. Лазаревић, Делимир. Дим. Ивановъ: Гевгелийскиятъ говоръ, София, 1932. Македонски наученъ институтъ. 8°, с. 130. Гласник СНД, XV—XVI, (9—10), 1936, стр. 403—407.

Рецензија. — Вд. Иванов, бр. 172.

325. Лазаревић, Делимир. Др. Александар Белић, Галички дијалекат. Издање Српске краљевске академије наука. Вардар, V, 1936, бр. 832, стр. 1; бр. 833, стр. 2.

Рецензија. — Вд. бр. 31.

326. Лазаревић, Делимир. Дијалектолошка испитивања Јужне Србије. Споменица ЈС, 1937, стр. 499—521.

Преглед на најглавните работи од областа на македонската дијалектологија.

327. Лазаревић, Делимир. Утицај цркве, црквенословенског језика и други спољни утицаји на развитак дијалеката Јужне Србије. ХрД, IV, 1938, св. 1. стр, 40—54.

328. Лалић, Радован. Македонски превод Горског вијенца. knjN, 1948, бр. 37, стр. 3.

За преводот од Блаже Конески: Горски венец, Скопје, 1948.

329. Lunt, Horace II G. Makedonska gramatika. By Krume Kepeski. Pp 154. Skopje. Državno knigoizdatelstvo na NR Makedonija, 1950. Language, vol. 27, № 2, pp. 182—187.

Рецензија.
Вд. Кепески, бр. 220.

330. Лант, Хорас. Морфологијата на македонскиот глагол. Македонски јазик, II, 1951, бр. 6, стр. 123—131.

Простите глаголски форми во македоискиот јазик авторот ги дели на: 1. временско-лични (презент, имперфект и аорист), 2. запо-

ведни (заповеден начин), 3. временско-родови форми (имперфектен л-партицип, аористен л-партицип, п/т-партицип), 4. именски форми и 5 една непроменлива форма со функција на адверб.

331. Lunt, Horace G. A Grammar of the macedonian literary Language. By—. Skopje, 1952. Стр. XIV + 287 + 1 карта.

Содржина: предговор V—XII, увод 1—7, граматика 9—104, четива 105—187, речник 187—287.

Во уводниот дел се зборува за местото на македонскиот јазик меѓу другите словенски јазици, неговата распространетост, историскиот развиток и формирањето. Одделот *Граматика* е поделен на три дела: 1. фонологија и ортографија, 2. морфологија на именките, заменките, придавките, броевите, прилозите и предлозите, 3. глаголот — неговата морфологија и синтакса.

Рецензија: Петрушевски, бр. 584.

332. Левков, Димче. По повод „Македонските учебници од 19 в." од Блаже Конески. СоцЗ I, 1949, бр. 3, стр. 72—84.

Приказ и оцена. — Левков подробно се задржува на тезите поставени од Конески: за самостојниот развиток на македонското национално движење, за самостојноста на македонската национална преродба и нејзиниот почеток; за специфичноста на нашиот народен развиток уште далеку пред Берлинскиот конгрес, како и за самобитниот пат на македонската национална преродба и нејзините општествено-историски корења.

Вд. Конески, бр. 265.

333. [Leger, Louis.] Macédoine. La grande Encyclopédie, t. XXII, Paris, 1890, стр. 865.

За односот на македонскиот јазик спрема српскиот и бугарскиот.

334. Лековъ, Ив. За происхода на макед. българ. наречие *ýшче (ýште)*. [Résumé.] МакПр, VIII, 1933, кн. 4, стр. 154—155 + 196—197.

Се согласува со толкувањето на Илински за образувањето на оваа форма.

Вд. Ильинский, 189.

335. Лековъ, Ив. A. Belić, Bibljograficzno-krytyczny pręgled powojennych prac o serbochorwackich dialektach. Lud Słowiański, II, 2 A 245—261. Kraków, 1931. [Résumé]. МакПр, VIII, 1932, кн. 1, стр. 159—161 + 197.

Рецензија. — Вд. Belić, бр. 30.

336. Leskien, A. Der bulgarische Artikel mit *v* oder *n*. Archiv f. Sl. Phil, III, 1879, стр. 522—523.

Членските форми на *-ов* и *-он* во нашите народни говори.

337. Leskien, A. Die Betonungstypen des Verbums im Bulgarischen. Archiv f. Sl. Phil, XXI, 1899, стр. 1—10.

Кај глаголите на нашата јазична територија Лескин разликува три акцентски типа: 1 охридски акцентски тип во кој влегуваат сите говори од западномакедонското наречје, 2. леринси тип (Леринско и Костурско), и 3. воденски тип во кој влегуваат сите источни говори од Солун до Кратово.

338. [Leak]. Researches in Graece by William Martin — Leak. London, 1814. Стр. 381. [Цит. по Селищев, Очерки. Вд. бр. 669].

Под овој наслов Лик го преиздал четиријазичниот речник на Даниила. Македонскиот текст е предаден со латинска транскрипција. Дава и превод на англиски.

339. Mazon, André. Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale. Étude linguistique; texstes et traduction; netes de folklore. (Travaux publiés par l'Institut d'études slaves.— I). Paris, 1923, str. 236, 8°.

Книгата содржи: предговор 1—3, увод 3—12, расправа за јазикот 13—59, текстови и превод на француски јазик 60—149, фолклорни белешки 150—222, библиографски белешки 223—224, индекс 225—229 и регистар на приказните со коментар 229—232.

Во уводниот дел М. дава географски, статистички и историски податоци за Лерин, леринските села Горно Неволани, Арменско и Екшису и костурските села: Смрдеш, Вишени, Мокрени и помашкото село Жервени.

Во одделот за јазикот дава опис на фонетиката и морфологијата на овие говори и неколку покарактеристични особености од синтаксата и речникот. Интересни се некои факти од фонетиката и тоа од вокалниот систем. Место вокалното *л* има неколку рефлекси: *ол* (Лерин), *л* (Лерин, Неволани, Вишени, Мокрени, Екшису); ə и əl (Неволани), °ɣ (Жервени), ªɣ (Смрдеш). Место групата trt покрај гсе сретнуваат и вакви рефлекси: ªr (darvo) (Смрдеш), поретко можат да се сретнат и форми со *or* (borgo: Неволани, Жервени). Друга важна особеност на овие говори е рефлексот на насовките. Во костурските села Вишени, Жервени и Смрдеш има примери со носов изговор и тоа: œm(n) м. ж и *en* < ѧ. Елементот *m* се пази кога зад него следи лабиоденталот *б*: dlœmbóko; mœndro, govéndo. Во Жервени има и *om*: dombje, golombi, zombi. Во другите говори ж > ъ, ѧ > е. Акцентот е на вториот слог од крајот.

Рецензии, одзиви, оцени: Белић, бр. 26; Младенов, бр. 494, 496, 503; Djerić, бр. 151, 152; Weigand, бр. 67; Małecki, бр. 357; Романски, бр. 634, Селищев, бр. 671.

340. Mazon, A. D'une formation verbale slave d'origine gréco-turque. Mélanges linguistiques offerts à J. Vendryes par ses amis et ses élèves. Collection linguistique, XVII. Paris, 1925, str. 265—273.

За глаголите на *-иса-*.

341. Mazon, A. Un parler de l'Albanie meridionale et le bulgaro-macédonien commun. Ksdęga referatów II międzynarodnego Zjazda slawistów. Warszawa, 1934. Sekcija I Językoznanstwo, 2 sekcja II Historja literatury.

342. Mazon, André. Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du sud. Bibliothèque d'études balkaniques.— V. Paris, 1936, VII + 462.

Книгата содржи: предговор (V—VII), увод (1—14), јазична студија (15—108), текстови (109—381), додаток (382—390), индекс (390—455), литература и содржина.

Во уводниот дел М. дава податоци за положбата и минатото на селата Бобошчица и Дреновени (јужна Албанија), за нивното население и неколку податоци од историјата на доалбанчувањето на некои македонски населби во Корчанско (селата Грабово, Дарда — порано Круша, Мброја, Полјана).

Во одделот „Étude linguistique“ го опишува говорот на селото Бобошчица со доста подробности. Овој говор во еден постар период имал тесни врски со костурската говорна област. И во двата говора акцентот стои на претпоследниот слог (пенултима), само што во Бобошчица тоа е спроведено подоследно — дури и во членуваните форми: полéто, царатóго.

Една од најкарактеристичните особености во говорот на ова село е широкиот изговор на *е* добиено од стсл. ѣ и ѧ и тоа кога се наоѓа под акцент: чов'а̏ко: чо́век, има̏тоѯ и́ме. Истото правило важи и за ä^{n} < ѧ: з'ä̏^{n}ц: зенцóви.

И во овој говор, како во костурските, во извесен број примери рефлексот од носовките (ѧ, ѫ) се изговара со назален призвук и тоа: a$^{m(n)}$ м. ѫ и 'ä$^{m(n)}$ м. ѧ (под акцент), одн. e$^{m(n)}$ во неакцентиран слог: da^{m}p, za ba^{n}di, gr'ä^{n}di, le^{n}dina. Пред безвучна согласка и во крајните слогови носовиот елемент се загубил: kašča, iä'zik, devet.

Од другите наши говори овој се разликува и по рефлексите од групите trt – tlt > ar – al; место *tj, *stj, *dj има доследно šč, ždž: pošč, kašča, ščerka, meždža.

Доста архаични црти наоѓаме и во морфологијата. Така, на пример, кај именките и придавките се пази синтетичната дативна форма и во еднина и во множина: Пéтру, брáту-ми, арамијутóму, старци́тим или си́јам ста́рци; кај именките од ж. р.: кни́ге, ма́јке, мн. сестра́тем. Често се употребува посесивната дат. форма: силе врагутóму. Именките од ж. р. во множина завршуваат на -е: же́не, сéстре.

Кај членот освен општата форма се запазиле и членски падежни форми; на пр.: ген. мажатóга, дат. братутóму, сарцетóму, сестáтуј, мн. браќáтам, гробје́тем, сестрáтем.

Од заменките интересно е да се спомне формата сој/сази, саз' дат. сóму, сáзи; мн. сија; сäзи, сäз; дат. си́јам, сäм.

Кај глаголите за одбележување се формите од помошните глаголи; од „сум“ през. гласи: еса, еси, ести нтн., а од „хътѣти“: ита, итиш, ити нтн. Идно време се образува со частичката *жа(за)*.

Во својата студија освен материјалот што го забележил самиот, Мазон искористил и два ракописни текста — една одломка од изборно евангелие и едно слово од 1874 г.. И двата текста се предадени со латинска транскрипција.

Рецензии и критики: Małecki, бр. 337; Мирчев, бр. 454; Stadtmüller JGO, 3, стр. 295-6; Ђорђевић, бр. 156; Милетич, бр. 423, 425; Вакарелски, бр. 57; Василев, бр. 61; Tille, бр. 751.

343. Mazon, A. et A. Vaillant. L'evangeliaire de Kulakia, un parler slave du Bas — Vardar. Bibliothèque d'études balkaniques VI. Paris, 1938. Pp. 359.

Вд. Vaillant, бр. 55.

344. Mazon, André. Quatre fragments d'evangile de la Macédoine meridionale. SlavRev, III, 1950, str. 237—247. Резиме на словенечки јазик.

Авторот дава неколку општи карактеристики на говорот на костурското село Горенци врз основа на една одломка - превод од

евангелие. Даден е и текстот на евангелието во латинска транскрипција и го споредува со три други преводи (од Бобошчица, Нестрам и Кулакија) што се објавени порано.

345. Македонски, Димитаръ. В. Букварь за употрѣбение въ македонскытѣ училища. Царййградъ, 1867. [Цит. од „Макед. учебници“ од Конески, стр. 46].

346. Маленко, Димче. Зборови од Охрид. Македонски јазик, I, 1950, бр. 9 и 10, стр. 239; II, 1951, бр. 6, стр. 142—144.

347. Маленко, Димче. Грешки во писмени задачи. Македонски јазик, III, 1952, бр. 3, стр. 65—66.

Укажува на некои почести грешки во писмените задачи на учениците од Охридската гимназија.

348. Małecki, Mieczysław. Drobjazgi z Macedonji: 1. Jeszcze o rozwoju końcowego jero w gwarach „Bogdańska“. 2. O nierozróżnianiu poj. i mn. wo wsi Wysoka (Soluńskie). 3. O zaniku w. — Lud Sł., II, 1933, s. 106—119. Резиме на француски с. А. 329.

1. За развитокот на крајниот ер во говорите во Богданско, 2. мешање на еднина и множина во говорот на солунското село Сухо, и 3. загубата на *в*.

349. Małecki, Mieczysław. O rróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd. — wschodniej Macedonji, Lud sł., III, 1, 1936, A 90—106 + 1 karta. Резиме на француски јазик, с. А 328—329.

Дава општа карактеристика на говорот во селата Аjватово, Балевиц, Илинец, Негован, Сухо и Висока.

Рец.: Милетич, бр. 419.

350. Małecki, Mieczysław. Teksty gwarowe z Bogdańska (pd. — wschodnia Macedonja). Lud sł., III, 1, 1933, s. 120—131.

Текстови од говорот во Богданско.

351. Małecki, M. Systemy wokalne językow bałkanskich. Sprawozdania PAU, t. XXX, 1933, s. 156—160. (Цит. од Годишник СУ 35, с. 9, Младенов).

Не може да се установи општа вокална система на балканските јазици.

352. Małecki, Mieczysław. Tekst gwarowy z Kosturskiego (Macedonja). Lud sł., III, 2, 1934, s. 323 – 325. Франц. резиме, с. 330—331.

Текстови од Сухо, Негован, Висока и Балевиц.

353. Małecki, Mieczysław. Drobiazgi z Macedonji. 4. O rozwoju samogłosek nosovych w Kosturskiem. 5. O „polskim“ przycisku w gwarach kostursko-lerińskich. Lud sł., III, 2, 1934, A 266—287.

Во првата од овие статии (4) Малецки зборува за носовоста во костурскиот говор.

Кузов во својот опис на костурскиот говор (вд. бр. 313) прв установи правило дека носовоста во тој говор се пази во позиција пред звучна согласка. Во костурската област тој ги констатирал рефл. *ъм* (*ъм*) и *он* (*ом*) м. ж и *ен* (*ем*) м. ѫ. Малецки додава и трет вид изговор: *ан* (*ам*) (С. Мањак) — кој го вика „полски" и дава извесни доуточнувања во правилото дадено од Кузов за условите во кои се пази носовоста, зашто тој забележил и примери со зачувана носовост во позиција пред безвучна согласка. Но најчесто пред безвучна согл. носовоста се загубила, и според Малецки тоа е нова појава во кост. говор што почнала прво во случаите кај што се наоѓале *ън* (*ъм*) *-ен* (*ем*) пред безвучна согласка. За доказ тој приведува примери од говорот на солунските села Сухо и Висока.

Во втората статија (5) го анализира леринско-костурскиот акцент кој порано Цонев го споредеше со акцентот во полскиот јазик. М. смета дека нема никакво основание да се врши таква споредба, на прво место и затоа што во лер.-костурскиот говор акцентот не стои стално на претпоследниот слог. Понатаму тој ги анализира случаите кога стои акцентот и на друг слог. Место шесте акцентски системи на Цонев, на македонската јазична територија, според Малецки, можат да се различат три главни акцентски типа: 1. подвижен акцент, 2. установен акцент на вториот слог или на третиот од крајот и 3. установен акцент само на третиот (западномакедонското наречје) или само на вториот (Бобошчица).

Рец.: Милетич, бр. 422.

354. Małecki, Mieczysław. Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem. Część I: Texty. (Bibljoteka luda słowianskiego, № 2). Kraków, 1934, str. 90.

Книгата содржи увод и текстови. Во уводниот дел Малецки дава податоци за состојбата на македонското население во селата Сухо и Висока. Тој констатира дека е особено силно грчкото влијание, така што младото поколение зборува грчки и веќе го заборава својот мајчин јазик. Освен општите податоци за селата, М. дава и неколку белешки за јазикот во споменативе села, истакнувајќи ги особено оние црти што не беа констатирани од Облака, на пр. за вторичниот акцент, редукцијата на вокалите, палатализацијата на согласките и др.

Текстовите се повеќето од Сухо, 34 на број, и 10 од Висока.

Рец. Милетич, бр. 419.

355. Małecki, M. Cechy bałkańskie w językach Macedonji. Sprawozdania PAU, t. XL, № 2, Kraków, 1935, str. 25—27.

Малецки разгледува овде четири типа особености, и тоа: 1. вторичниот акцент, 2. согласните *м, н* пред безвучна согласка, 3. глаг. конструкција од типот habeo factum (имам работено) и 4. конструкцијата од типот: *Имам видено на детето*, во некои наши јужни говори.

1. Мал. смета дека во сите современи балкански јазици (албанскиот, грчкиот, влашкиот и словенските балкански јазици) постои тенденција да не се пренесува акцентот подалеку од третиот слог од крајот. Во случаите кога акцентот мора да оди и понапред, се јавува на претпоследниот слог вторичен акцент, за да не се случи да падне акцентот на слог подалечен од третиот. Ваков вторичен акцент имаат и некои грчки говори.

2. За вториот случај (м, н + безвучна согласка) М. наоѓа сличност со една туѓа таква појава.

3. Конструкцијата habeo factum (имам направено) за искажување минато дејство, според М., се образувала под влијание на албанскиот јазик.

4. Во костурскиот говор директниот предмет се искажува со предлогот *на*. Оваа појава е позната и во влашкиот јазик.

Рец.: Милетич, бр. 421.

356. Małecki, Mieczysław. Dwie gwary macedońskie (Sucho i Wysoka w Soluńskiem). Część II. Słownik. Kraków, 1936. Str. 135. (Bibljoteka luda słowianskiego, Dział A, № 3).

Речнички материјал од солунските села Сухо и Висока. Материјалот е бележен фонетски. Редовно укажува на јазичните форми што се измениле во зависност од акцентот.

Рец.: Милетич, бр. 426.

357. Małecki, M. Z zagadnień dialektologii macedońskiej (Z povodu najnowszych prac A. Belicia, D. Iwanova, A. Mazona, K. Mirczewa, St. Romanskiego, A. Vaillanta i innych). RSl, XIV, 1938, стр. 119—144.

Критички преглед на најновите работи од областа на македонската дијалектологија: Галички дијалекат од Белиќ, Гевгелискиот говор од Д. Иванов, Документи од Мазон, Неврокопскиот говор од Мирчев и др.

Најпрво М. прави подробна анализа на Белиќевиот „Галички дијалекат". Според него тезата на Белиќа за српската основа на западните и централните македонски говори е неоснователна и неприфатлива. Малецки признава српско јазично влијание во македонските говори (на пр. екавизмот, согласките *ќ* и *ѓ* место прасловенските групи **tj *dj*, *цр* место *чр*, палатализација на консонантите, отсуство на редукцијата кај вокалите), но тоа можело да иде само од север а не од Епир или јужна Албанија, како што тврдеше Белиќ.

М. се задржува понатаму на некои општи прашања во врска со нашиот јазик. По прашањето како треба да се третираат македонските народни говори, тој смета дека е едностране да се земаат само морфолошките или само фонетските особености. Секогаш треба да се тргнува од анализата на целокупниот јазичен материјал, те. да им се даде еднаква важност како на фонетските така и на морфолошките црти. И тргнувајќи од ова М. заклучува дека македонските говори не се ни српски ни бугарски; тие претставуваат одделен дијалекатски тип кој се сврзува и со двата соседни јужнословенски јазици — српскиот и бугарскиот. Затоа „приклучувањето на македонската јазична територија било кон едниот или кон другиот од овие два јазика не може да биде оправдано.

Рецензија: Мирчев, бр. 455.

Вд. Белиќ, бр. 31; Иванов, бр. 172; Mazon, бр. 335; Мирчев, бр. 450; Романски, бр. 655; Vaillant, бр. 54; RSL, XV, стр. 164.

358. Małecki, M. Systemy akcentowe gwar bulgarskich. Sprawozdania PAU, XLIII, 1938, стр. 6—7.

На бугарската и македонската јазична територија Малецки разликува два основни акцентски типа: 1. подвижен и слободен акцент, и 2. македонски акцент кој има тенденција да се задржи на вториот или третиот слог од крајот. Меѓу овие два типа има ред преодни положенија.

Вд. RSl, XV, 1939, стр. 164.

359. М(аневиќ), Т(одор). Една штипска хроника. Македонски јазик, II, 1951, бр. 9—10, стр. 224—227.

Одломка од еден дневник од 19 век напишан на штипски говор.

360. Маневиќ, Тодор. Цѣ- > ца- во некои македонски говори. Македонски јазик, III, 1952, бр. 1—2, стр. 35—37.

Авторот ја поткрепува тезата на П. Скок. (Вд. Rad, 272) дека во постаро време на целата јужнословенска територија ѣ се изговарал како дифтонг *ia* (не *ä*) со примери од штипскиот говор во кој има рефлекс *а* м. ѣ зад *ц*: цал, цади́лка, ца́дам, ца́фки, ца́пник, цани́л се, и во жл'аби́на.

361. Маневиќ, Тодор. Забелешки за овчеполскиот говор. Македонски јазик, III, 1952, бр. 8—9, стр. 188—199.

362. Манчевски, Лазар. Некои забелешки по однос зборовите од Тиквешко. Македонски јазик, II, 1951 бр. 6, стр. 140—141.

363. Marguliés, Alfons. Historische Grundlage der südslawischen Sprachgliederung. Archiv f. sl. Phil, XL, 1926, стр. 197—222.

Покрај прашањата од областа на српскиот и бугарскиот јазик, авторот се задржува и на неколку прашања од нашиот јазик, и тоа: за местото на нашиот јазик во јужнословенската јазична заедница и неговиот однос спрема соседните словенски јазици. Интересни се неговите заклучоци во врска со нашите *ќ* и *ѓ*. Тој не одрекнува дека овие два гласа можеле да дојдат од српскиот јазик, но тој допушта исто така дека тие можеле да се добијат од **tj* и **dj* и со просто префрлање на артикулационата основа. Склон е да верува дека *шт, жд (шч, жџ)* во крајните западни и јужните наши говори се понови од *ќ, ѓ*. М. дури мисли дека лигатурата Ѿ покрај *шт* во Болоњскиот псалтир и Охридскиот апостол го крие во себе звукот *ќ* кој поради силна традиција на графиката не можел кај препишувачите да се изрази во писмото на друг начин. — И М. како критериј за поделба на македонската јазична територија ги зема рефлексите на праславенските групи *tj, dj*. Според нив во Македонија изделува три групи говори: 1. северозападни со *ѣ - ђ* м. **tj *dj* и *у* м. *ж*; 2. централни или средномакедонски со *ќ - ѓ* м. **tj *dj*; и 3. југоисточни со *шт - жд* и остатоци од носовост.

Рецензија: Романски, бр. 640.

Вд. ЈФ, VII, стр. 281.

364. Марковић, Мирослав. Прилог топономастици средњевековне Македоније (с једним географским цртежом). [Résumé]. ИстЧас, књ. III, 1952, стр. 253—255.

365. [Masing, L.]. Zur Laut — und Akzentlehre der macedonischen Dialekte. Ein Beitrag zur Kritik derselben von D-r Leonhard Masing, Docent. a. d. Keizerl. Universität Dorpat. St. Petersburg. In Kommission bei Eggers und C. 1891, s. 146.

Првиот дел објавен е во 1890 г. под наслов „Zur sprachlichen Beurteilung der macedonischen Slaven. I. Vertretung von tj und dj". Според М. српските *ѣ - ђ* не совпаѓаат со макед. *ќ - ѓ*, бидејќи во нив го нема мекиот *š - ž* — глас. Опирајќи се на Бојаџиев (ПерСп 35, с. 183) тој зборува и за тврди *к - г* место **tj *dj*.

Во вториот дел („Westmacedonische Betonung", стр. 107—146) зборува општо за акцентот, за разликите меѓу срп. и мак. акцентски систем и за влијанието од романските јазици. Тој изделува две акцентни групи: западна и источна, одн. говори со слободен и со неподвижен акцент. Акцентот го разгледува во одделни зборови и во свр-зан говор. Кај акцентските целости тој разликува случаи кога се пре-носи акцентот (не-му́-сакам, по́ него) и кога нема пренесување (на ле́-бот, до- се́ло По́дмолје, от-ма́јка).

Материјалот што го приведува го забележил од двајца Македонци — едниот велешанец (Иван Георгов, Лајпциг 1886) и другиот охриѓанец (Димитри Анастасоф Топеньчароф, Петроград 1888), а ги користел и печатените материјали.

Рецензија: Качановский, бр. 217; Матов, бр. 376.

366. Матовъ, Димитъръ. Остатъци отъ звуковетѣ *ън, ъм, ен, ем* въ Костурския говоръ. Книжици, I, 1, 1889, стр. 17—26.

Рец.: Облак, Archiv XV, 74—77.

367. Матовъ, Д. Киречкйой. 1. Описание на селото Киречкйой. 2. Образци отъ киречкйойския говоръ. 3. Прѣгледъ на киречкйойския говоръ. Книжици, I, 1889, стр. 36—39; II, 1890, стр. 36—48.

368. Матовъ, Д. Къмъ българския рѣчникъ. Книжици, I, 1889, стр. 27—29.

Зборови од велешкиот говор.

369. Матовъ, Д. За историята на новобългарската граматика. Осмий годишенъ отчетъ на Българската мжжка гимназия „св. Кириллъ и Методий" въ г. Солунъ. Солунъ, 1889, стр. 2—31.

Зборува за причините за изменување на формите. Како основни причини ги зема: фонетскиот закон, влијание на родствени и туѓи јазици и заемно влијание на формите од едно исто наречје или од други наречја од ист јазик (асимилација и аналогија). Според М. последниве се најглавен фактор за развитокот на формите. Понатаму М. приведува богат материјал од нашите народни говори.

370. Матовъ, Д. Кратка расправия по етнографията на Македония. По поводъ на писаното напоследъкъ по тоя въпросъ отъ Ястребова, Драганова и Новаковича. ПерСп (Соф), VII, 1890, кн. XXXIV, стр. 421—474; кн. XXXV, стр. 674—717.

Полемика со Јастебов, Драганов и Новаковиќ. Се запира главно на прашањето за *ќ* и *ѓ* во македонскиот јазик (за Матов — македонски говори), за физиологијата на овие гласови и нивната распространетост.

Вд. Ястребов, бр. 833; Ср. Боблевъ во СбНУ, IV, критика, 25—27;
Драганов, бр. 139;
Новаковић, бр. 524.

371. Матовъ, Д. и А. Тошевъ. Къмъ българския рѣчникъ. Книжици, IV, 1890, стр. 273—299.

Зборови од разни места во Македонија.

372. Матовъ, Д. Къмъ българския рѣчникъ. СбНУ, VII, 1892, стр. 448—483.

Зборови од Велешко. Во уводот дава неколку белешки за велешкиот говор.

373. Матовъ, Д. Гръко-български студии. СбНУ, IX, 1893, стр. 21—84.

Во I дел на студијата („Значеннето на гръцко-словянскитѣ издирвания") зборува за некои јазични појави во македонските и бугарските говори што се развиле под влијание на грчкиот јазик, како на пр. испаѓањето на почетните ненагласени вокали во некои солунски говори, испаѓањето на консонантите во меѓувокална позиција, глаголите на *-иса-* и др. Во II дел зборува за словенските населби во Грција. III „Славянски думи въ новогръцкия езикъ".

374. Матовъ, Д. Запитвания по българската диалектология. Новини, IV, 1894, бр. 42. (Цит. по *Slavia*, VI, 658).

М. поставува прашања со молба одговорите да се испратат до истиот весник. И тоа: 1. Дали има некој говор во Македонија во кој нечленуваните прид. форми од м. р. едн. да завршуваат на *-ој*, и 2. за акцентот во говорите западно од Вардар.

375. М(атов), Д. и Д. А. Нѣколко бѣлѣжки върху айватовския говоръ. СбНУ, IV, 1891, стр. 192—194.

Кратка карактеристика на говорот на солунското село Ајватово.

376. Matov, D. D-r Leonhard Masing, Zur Laut- und Accentlehre der macedonischen Dialecte. Archiv f. sl. Phil. XIV, 1892, стр. 131—136. [Со забелешка од Јагиќа].

Рецензија. — Вд. Masing, 365.

377. М(атов), Д. Сръбско-българските етнографски прѣпирия прѣдъ науката. Отп. од в. „Югозападна България", София, 1893. Стр. 38. 8°. (По цит.).

Рецензија: Oblak, бр. 527.

378. Матовъ, Д. П. Драгановъ, Македонско-славянскій сборникъ. Съ приложеніемъ словаря. Составилъ —. Выпускъ I. С.-Петербургъ, 1894, 8°, XXXIV, 238. (Записки Императорскаго Географическаго Общества по отдѣленію этнографіи. Т. XXII, вып. I). СбНУ, XI, 1894, книжевенъ отделъ, стр. 13—23.

Критика. — Вд. Драганов, бр. 139.

379. Матовъ, Д. За взаимната замѣна на яснитѣ и тъмнитѣ съгласки въ новобългарския езикъ. ПерСп(Соф), IX, 1894, кн. XLIV, стр. 247—261.

За едначењето на согласките и обезвучувањето на звучните согласки на крајот на зборот. Има примери од нашите говори.

Рецензија во „Дело", III, 321—322.

380. Матовъ, Д. Книгописъ по етнографията на Македония. БългПр, IV, 1897, кн. V—VI, стр. 179—214.

Библиографски преглед.

381. Matthews, W. K. Makedonska gramatika. (Macedonian Grammar). By Krume Kepeski. 2. nd Edition. Drzhavno Knigoizdatelstvo na Makedonija, Skopye, 1950. SlavReview, vol. XXXI, № 76, 1952, стр. 316.

Рецензија. — Вд. Кепески, бр. 220.

382. Meillet, A. Les langues dans l'Europe nouvelle. Paris, 1918. II изд., 1928, стр. 495 + 1 карта.
[„XXVI La région balkanique", 224—228]

На стр. 226—227 зборува за македонскиот јазик. Според М. македонскиот јазик не е ни српски ниту бугарски, туку посебен јазик кој има блиски црти и со едниот и со другиот.

Вд. Белић, бр. 24, 25.

383. Meyer, Karl H. Der Untergang der Deklination im Bulgarischen. Heidelberg, 1920, s. 75, 8°.

Критика: Miletič во Archiv f. sl. Phil. XXXIV, 1925, с. 267—276; Jagić во Archiv f. sl. Phil., XXXVIII, 58—61; Кульбакин во Slavia I, 1, 1922, с. 127—133.

Одговор на критиката од Кульбакин: Meyer, K. H. Nachträgliche Bemerkungen zum Untergang der Deklination im Bulgarischen. Archiv f. sl. Phil, XXXVIII, 1—2, стр. 139—144.

383а. Miklosich, Fr[anz]. Geschichte der Lautbezeichnung in Bulgarischen. [Denkschriften der Keiserl. Akad. der Wissenschaften. Philos. hist. cl. Bd. 34. Wien, 1884, стр. 97—142].

На стр. 125 М. ги дава најважните особености на нашиот јазик според една статија во Български книжици, 1, 1858, стр. 36. (Цит. по Ђерић, Неколико питања . . ., стр. 68).

Вд. Зографски, бр. 165.

384. Милетић, Бранко. Преглед историје српскохрватског језика. Београд. (Литографисано). [„Македонски језик" стр. 29].

385. Милошев, Ѓорѓи. Титов-велешкиот говор. (Основни црти). Нов ден, III, 1947, бр. 3, стр. 3—15.

Дава материјал од велешкиот говор и ја определува неговата територија. Го дели на: 1. градски говор, во кој влегуваат и околните велешки села, 2. Клепа и 3. Азот.

386. (Миладиновци). Български народни пѣсни, събрани одъ братя Миладиновци Димитрія и Константина и издани одъ Константина. Загребъ, 1861, 8°, VIII + 520. II издание (отъ Митра, съпруга на Д. Миладиновъ), София, 1891, XIII + 548. 8°; III издание (подъ редакцията на проф. М. Арнаудовъ), София, 1942.

Во предговорот има кратки белешки за јазикот на песните.

387. Милетичъ, Л. Старото склонение въ днешнитѣ български нарѣчия. СбНУ, II, 1890, стр. 226—268.

Во овој преглед на запазените именски и заменски падежни остатоци покрај материјалот од бугарските говори М. приведува и богат материјал од нашата јазична територија.

Рец.: Oblak, бр. 525.

388. Милетичъ, Л. Единъ документъ отъ първото време на танзиматa. СбНУ, кн. XV, 1898, стр. 357—392.

„Канонаме за селата битолски закон за чифлигарите и чифчиите што сет под поела", Битол, 25 јуни 1851.

